**У Н И В Е Р З И Т Е Т „ Г О Ц Е  Д Е Л Ч Е В ” - Ш Т И П**

**П Р А В Е Н   Ф А К У Л Т Е Т**

**Ш Т И П**

**ДАВОР ВЕЗЕНКОВ**

# „КРИВИЧНИТЕ АСПЕКТИ НА АЗИЛ ВО МЕЃУНАРОДНОТО И МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ПРАВО“

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Штип, Април 2017**

Краток извадок

Меѓународниот институт азил, како и неговата меѓународна кривичноправна рамка, е област на постојано надополнување и акумулација на материјални и формално - правни факти, со цел за изградба на универзален кривичноправен систем на азил кој би имал широкоопфатна примена. Теоретската рамка на поставениот проблем, низ годините на историјата, постојано била надополнувана во егзактните моменти на проблеми со именуваниот институт. Целта на мојот труд е искористување на изворите на правото и политиките на азил, нивна структурна анализа и дефиниција на имплементација. Миграцијата е поим тесно поврзан со азилот. Токму затоа, не може а да не се спомене нејзиното влијание врз правната форма на азилот како институт. Човештвото, во својата еволуција, тенденциозно дејствува кон создавање на универзални, регионални и национални правни лица кои ја претставуваат унилатералната желба за солидарност и сплотеност. Ваквите организации неопходно бараат консолидирано законодавство, во сите сегменти на општествениот живот. Токму затоа, анализата на ваквите организации во мојот труд е со цел да покаже во колкава мера и каква форма се конструираат и имплементираат правните норми на азилот. Исто така, ќе покаже во колкав капацитет е легислативата на азилот и од каде треба да се продолжи надградбата на правниот систем. Надградбата на системот на азил е сеопфатна и ги засега сите. Како европска држава со мултилатерални односи и желба за членство во евроатланската и европската заедница, Република Македонија настојува да го надградува својот правен систем секогаш кога ќе ѝ се овозможи терен за такво нешто. Мојата анализа го води трудот и до разградба на македонскиот правен систем, воочување на фактичката состојба во однос на азилот и привремената заштита, и критички анализирајќи ја поврзаноста на материјално - правните и формално - правните аспекти на азилните норми. Заклучокот на сето ова мора да биде објективен и во согласност со позитивното право, без отстапување од начелата на непристрасност, јасност, еквивалентност, совестност и чесност.

*Клучни зборови*: миграција, азил, кривично право, бегалци, бегалска криза, меѓународни организации.

Abstract

The international institute of asylum with its international criminal – legal framework is a discipline of constant replenishment and accumulation of material and formal legal facts, in order to build a universal legal system of asylum which will have global implementation. The theoretical framework of the given subject, throughout history, was constantly enlarged in the exact moments of named subject of elaboration. The purpose of my work is rightful usage of the sources of law and policies of asylum, their structural analysis and definition of implementation. Migration is a term closely related to asylum and is rightfully used in correlation with it. Humanity in its evolution, tendentiously acts towards creating a universal, regional and national entities that represent its unilateral desire for solidarity and cohesion. These organizations urge for consolidated legislation in all areas of social life. Therefore, the analysis of such organizations in my paper is to show how much and in what form the legal norms of asylum are created and implemented. The causes of asylum are different, each important in itself. Even though most of the causes are unwanted and unpleasant, they are very important and susceptible to analysis that will show in what condition is the legislation and the legal framework of asylum. The upgrading of the asylum system is comprehensive and affects all.

As a European country with multilateral relationships and a desire to join the Euro – Atlantic and European community, Republic of Macedonia strives to update its legal system whenever the circumstances allow. My analysis requires structural disintegration of the Macedonian legal system, identifying of the actual situation in regard to asylum and temporary protection. It also critically analyzes the relationship of the material and formal legal aspects of the asylum norms. The conclusion of all this must be objective and in accordance with the applicable law, without derogation from the principles of impartiality, clarity, equivalence and honesty.

*Key words:* migration, asylum, criminal law, refugees, crisis, international organizations.

ВОВЕД ..... 5
ПРВА ГЛАВА ..... 7
ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МИГРАНТСКИ ДВИЖЕЊА И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ..... 7
1. Појава на миграција и нејзино дефинирање ..... 7
2. Дебаланс на политичката стабилност на Блискиот и Среден Исток ..... 10
2.1. Арапска пролет ..... 11
2.1.1. Причини за Арапската пролет ..... 13
3. Сириска граѓанска војна ..... 17
4. Заклучок ..... 26
ВТОРА ГЛАВА ..... 27
ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ АЗИЛ ..... 27
1. Дефиниција на азил ..... 27
2. Бегалец и лице под супсидијарна заштита ..... 29
3. Заклучок ..... 30
ТРЕТА ГЛАВА ..... 31
МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ НА АЗИЛ ..... 31
1. Универзална декларација за човекови права ..... 31
2. Конвенција за статус на бегалци и Протокол за статус на бегалци ..... 34
2.1. Права и обврски на бегалците според Конвенцијата и Протоколот ..... 38
2.2. Важноста на пристапувањето кон Конвенцијата од 1951 година ..... 40
3. Меѓународна организација за миграција ..... 41
4. Меѓународни невладини организации ..... 43
4.1. Меѓународен Црвен Крст ..... 44
4.2. Amnesty International ..... 46
5. Заклучок ..... 47
ЧЕТВРТА ГЛАВА ..... 49
ПОЛИТИКА НА АЗИЛ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 49
1. Европска политика на азил ..... 49
2. Правни инструменти на Европската Унија ..... 52
3. Шенгенска спогодба ..... 56
3.1. Шенгенски информационен систем ..... 58
4. Даблин II Регулатива ..... 59

5. Фронтекс (FRONTEX)....61
6. Европските земји и бегалската криза....62
7. Заклучок....69
ПЕТТА ГЛАВА.... 70
ПОЛИТИКА НА АЗИЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ....70
1. Висок комесаријат за бегалци на ООН – UNHCR....70
2. Комитет за човекови права....75
3. Република Македонија и ООН – Корелација во однос на азил....77
4. Заклучок....81
ШЕСТА ГЛАВА.... 82
ПРАВОТО НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....82
1. Закон за азил и привремена заштита....82
2. Постапка за стекнување на право на азил....85
3.1. Права и обврски на барателите на право на азил....88
3.2. Повлекување на барањето за признавање право на азил....89
3.3. Редовна постапка....90
3.3.1. Спроведување на редовна постапка....90
3.4. Итна постапка....93
4. Престанок на правото на азил....95
5. Република Македонија и бегалските кризи....96
6. Заклучок....101
ЗАКЛУЧОК.... 102
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.... 104

## ВОВЕД

Историјата покажува неизбројно многу случаи каде современото општество потклекнало под силните стеги на противправните дејствија, деликтните дејства кои ја нарушуваат природната и умерена кохезија. Од најситни деликти, па сè до меѓународни злосторства и злосторства против човештвото, човековото примерно однесување се променило во безброј ситуации, поради познати и непознати причини. Секоја промена резултира со соодветна последица, па несомнено дека противправното однесување на одредена идивидуа би резултирало со еквивалентна последица низ призмата на кривично – правните институти на меѓународното и националното право. Не секогаш е директна одговорноста за противправните дејства, за нарушувањето на личниот спокој и благосостојба. Некогаш самите политички дејствувања, социјални поместувања низ слоевите на општеството, спротивставеноста на мислите и сфаќањата, прават нашиот живот да искуси темелни промени, нови бранови кои засекогаш ќе ја изменат структурата на постоење.

Еден од главните институти на меѓународното право којшто во целост ја отсликува погоре спомената состојба, несомнено е азилот. Како таков, тој претставува институт со чија примена се обезбедува заштита на лица пребегнати во друга земја. Пребегувањето во друга земја може да има различни позадини, во однос на страв од политичко гонење или гонење поради верска, расна, национална или социјална припадност. Миграционите движења во светот не се новост за никого, но активизацијата на самиот поим миграции во одредени периоди од човековата историја резултирала со правна и политичка посветеност и уредување на миграционите политики и меѓународната и националната политика на азил, за крајна цел да биде безгрижно и безбедно движење на мигрантите и барателите на азил. Евидентно е дека правната регулатива за уредување на овие поими доживувала етапно надополнување и стагнација во одредени периоди, па токму затоа секоја миграциска криза ги соочувала меѓународните норми со своите фактички и правни недостатоци, и неопходноста од нивно приоритетно надополнување и усовршување. Институтот азил своите правни корени ги влече

уште од меѓународните договори на Лигата на народите, за подоцна истите да се пресликат и во Универзалната Декларација на Организацијата на Обединетите Нации. Но, сепак сето ова се рефлектирало низ основните човекови права, социјалните, политичките и културните права на човекот, а не конкретно правно уредено преку посебна меѓународна законска регулатива. Токму темата на моето истражување ќе ги опфати институционалните маргини за азилната политика и систем, барајќи пресек меѓу меѓународното и кривичното право, следејќи ја секоја повреда на азилното право и критички освртувајќи се на тековните азилни системи во кривично – правна смисла. Анализата на актуелни и променливи теми е вистински предизвик во истражувачката дејност. Сметајќи на комплексноста на моето истражување, азилот е жива материја која бара нега и постојан надзор. Главната хипотеза на мојот труд ќе биде дека меѓународното и домашно законодавство мора континуирано и безрезервно да ги усовршуваат и развиваат правните рамки на третирање на азилот и миграционите движења на глобално ниво. Ваквата истражувачка рамка ќе биде дополнета со потврдување на две помошни хипотези, од кои едната смета дека историјата и сите воени и политички активности во светски рамки предизвикале ширење и продлабочување на мигрантските движења, а другата дека Република Македонија ги прекрши човековите права пропишани со меѓународните конвенции, во делот на противправно задржување на бегалците во притворниот центар Гази Баба.

# ПРВА ГЛАВА

# ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МИГРАНТСКИ ДВИЖЕЊА И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

## 1. Појава на миграција и нејзино дефинирање

Миграционата тенденција на живиот свет воопшто, непосредно е поврзана со самото битие на психолошките однесувања во сите стадиуми на биолошка развиеност. Секое движење претставува динамика, секој чекор е нова можност. Човештвото пред  сè, мигрира од самото негово постоење. Било тоа да е поради подобри услови за живеење, климатски услови, експанзија на населението или пак поради принудни елементи како појава на опасност по живот, економска загрозеност, воена и социјална опасност. Едно е сигурно – антрополошките поместувања во светот се постојани. Интензивирањето на самиот процес миграција се поврзува со процесите на индустријализација во светот, каде светот бележи значителна миграција на релација село – град, токму поради отворањето нови работни места и зголемената современизација на градовите во однос на селата. Самата урбанизација на градовите наведува доволни причини за тоа актуелизирирањето на миграцијата да се утврди во временски период подолг од 200 години. Миграцијата, како статистичка појава, доаѓа во повеќе форми и облици. Можеме да зборуваме за внатрешна, надворешна, постојана, привремена, позитивна, негативна и сл. Несомнено е дека постојаното движење на луѓето од едно на друго место, ја детерминира миграцијата како комплексна варијабла, која не само што зависи од условите кои се создадени во едно општество, туку и директно се определува од нив.

Механичкото движење или миграцијата објаснува постојана или привремена промена на местото на живеење на населението и како таква се определува позитивна доколку преку нејзината појава се зголемува населението на одредена земја или пак негативна, во случај на намалување на бројот на населението во дадена земја. Всушност, и самата позитивна миграција е

еквивалент на поимот имиграција, кој поим најчесто се појавува во услови на високо развиени општествени состојби, позитивен развој на економија и социјална кохезија во одредена земја. Негативната миграција соодвестува со поимот на емигрирање, односно напуштање на матичната земја поради ниски услови на социјална кохезија, негитивна стапка на раст на економијата, а со тоа и низок животен стандард во самата земја, каде населението ја напушта во надеж за подобра животна благосостојба. Миграцијата во секоја корелација е поврзана со статистичките методи кои полесно го вршат следењето на состојбата на оската по која се движи истата.

Како таква, често се злоупотребува нејзиното набљудување преку претрупање на податоци кои најчесто го заматуваат реалниот поглед на фактичката состојба и податоците кои миграционите статистички методи сакаат да го прикажат. Доколку миграцијата се гледа низ призмата на постојана и привремена миграција, можно е да се олесни збирањето на податоци потребни за балансирано набљудување во сферата на миграционите движења. За дефинирање на овие поими и класификации на миграцијата, несомено потребно е и усогласување на поимот мигранти, кој всушност, го определува населението кое го променило своето место на живеење и дејствување во даден временски период. Постојаната миграција е миграција која се создава во моментот кога населението од една земја, заминува во друга земја во која ќе живее подолг временски период, кој период е детерминиран од различните гледишта за временскиот период кој всушност ја условува постојаната и привремената миграција, и со самото тоа и дистинкцијата меѓу нив.[1] Различни статистички методи различно ја гледаат временската граница која ги одделува гореспоменатите миграции, но практиката покажува усогласување на временскиот период кој ја дефинира постојаната миграција да не е пократок од 3 месеци. Постојаната миграција, како таква, ја определува бројноста на населението на определена територија, во даден временски перод, како променлива категорија.

[1]Maja Baćović,  MIgracija, Ekonomski Fakultet Podgorica, Podgorica, 2014

Повремените миграции, од друга страна, пак, се променлива категорија со кратко времетрење.[2] Истите детерминираат движење на населението од едно во друго место на дневни, седмични или месечни временски интервали. Како таква, истата е несомнено тешка за контрола и набљудување, поради опасноста од застареност на добиените податоци и невозможноста, во одредени случаи, на веродостојност на податоците токму поради тесниот временски простор. Сепак одредени повремени миграции можат да преминат во постојани, со што категоризацијата на миграциите наведува флуктуирачки однос на населението од еден тип на миграции во други.

Државната припадност на самиот мигрант може да формира сосема поинаква класификација на миграцијата како општествен поим. Гледајќи од ниво на иста националност, населението може да формира внатрешна и надворешна миграција. Поимот внатрешна миграција се јавува во оној момент кога е регистрирано движење на населението од едно на друго место во границите на една држава, без притоа да се наруши коегзистенцијата на постојаната и привремената миграција. Ова е поради тоа што престојната поделба зависи единствено од маргинализирње во фактичка географска смисла, никако поинаку. Надворешната миграција, пак, соодвествува со поимот на емиграција каде населението ја напушта својата матична земја со цел да се насели во одредена друга земја, притоа без разлика дали населувањето е од привремена или постојана природа. Статистиката која ги следи овие миграции, анализирањето го врши од два аспекти и тоа од аспект на емигранти или лица кои ја напуштаат матичната земја, и од аспект на имигранти или лица кои се населуваат во друга земја. Разликата меѓу надворешните и внатрешните миграции е тоа што внатрешните миграции немаат исто значење како надворешните - тие не делуваат на населението на земјата во целина, туку само на географската густина на население. Исто така, надворешните миграции директно влијаат на вкупната бројност на населението во даден временски интервал, било тоа да се перманентни или привремени.

[2] Stephen Castles, Mark J. Miller, The Age of Migration: International Population Movements in the Modern World (Third Edition), The Guilford Press, 2003. (First published in 1993)

## 2. Дебаланс на политичката стабилност на Блискиот и Среден Исток

Историјата на светот е тема која располага со широк дијапазон на ситуации кои директно или индиректно влијаеле за нејзино оформување, онаква каква што денес ја знаеме. Блискиот Исток, или познат меѓу западните цивилизации и како Среден исток, е територија која приближно ги опфаќа површините на југоисточна Азија заедно со Египет. Несомнено, овој регион е еден од главните центри на светските случувања низ историјата. Богата со знаменитости, ова е територија на која се родиле три од најраспространетите религии во светот: јудеизмот, христијанството и исламот. Зборуваме за област на која се појавиле првите цивилизиации, првите обиди за културна, општествена и социјална еманципација.

Самите почетоци на цивилизациско општество го најавиле неизбежното – постојан превир меѓу цивилизациите за културна, воена, општествена, научна и територијална надмоќност. Блискиот Исток бил изложен на постојани промени, како резултат на напорите на цизвилизации, како и на самото бреме кое ја менувало географската распореденост.[3] Големите цивилизации кои се создале на оваа територија, не секогаш успеале во обидот на врховна доминација, но сепак оставиле огромен белег во уредувањето на понатамошните држави, кој белег се познава и до ден денес. Како етничка мешовитост на повеќе етнички групи, Блискиот исток изобилува со разновидност на култура, едуцира за меѓуетничка кохезија и меѓуетнички конфликт, но исто така плени и со неверојатни историски монументи, врв на човековиот интелект.

Периодите на воени судири меѓу едни од најголемите царства и империи во историјата на светот, се случиле токму овде, на териториите на Блискиот Исток. Неверојатна, а сепак реална е мешавината на ентитети која се создала на ова тло низ цивилизациската историја. Сето ова го прави Блискиот Исток совршен терен за политички, социјални и историски истражувања кои несомнено ќе резултираат со конфузни, но сепак неверојатни заклучоци.

[3] The Middle East conflict—a brief background, http://www.globalissues.org/ Превземено на 22.10.2016

За политичка анализа од било каков тип, не можеме да зборуваме без притоа да навлеземе во политичките уредувања, меѓуетничките односи, социјалните спротивставености кои се огледало на една држава. Блискиот Исток и неговите постоечки и историски држави, секако не се имуни на оваа корелација. Денес Блискиот Исток е тема на секоја политичка превирка, секоја анализа и дебата. Политичката нестабилност на Блискиот Исток не е нова појава, таа едноставно е резултат на илјадници години историја, стотици векови неусогласени односи кои од секогаш ќе ја разбрануваат политичката сцена.

### 2.1. Арапска пролет

По распадот на Османлиското Царство по Првата светска војна, на остатокот на нејзината територија се создале држави кои веќе имале голема диференцијалност меѓу своите идентитети и ентитети. Иако детерминирани за самостојност и превласт на повеќе основи, а не само на воен план, Втората светска војна дошла многу побргу од нивното темпо на развој. Всушност, засекогаш ќе го промени природниот тек на целиот свет, вклучувајќи го и Блискиот Исток. Комунизмот и блоковската поделба, само повеќе ја уназадиле експанзијата на регионот, притоа закрепостувајќи го поголемиот дел на поединечни држави под силно влијание. Сето ова било плодна почва за формирање на силни автократски режими, кои подржани од светските сили во периодот на Студената војна, довеле до економска стагнација, невработеност и корупција. Економскиот раст од 0.5% за период поголем од 20 години е доволен показател за незавидната состојба на регионот.[4] Најголемиот дебаланс на политичката стабилност на Блискиот исток се поврзува со обидите за демократизација за земјите од овој регион. Најважен елемент во промената на политичките струи, несомнено е Американската интервенција во Ирак во 2003 година, со цел за соборување од власт на Садам Хусеин и почетокот на „Војната на теророт", која е директна последица од нападот

---

[4]Syria GDP Annual Growth Rate, http://www.tradingeconomics.com/ Превземено на 21.10.2016

на Светскиот трговски центар во Њујорк.[5] Имено, последните десетина години се одвива широка дебата за начинот на демократизација на засегнатите земји од регионот: Дали во името на стабилноста на регионот и понатаму да се подржуваат постоечките режими, кои предизвикуваат сѐ поголемо незадоволство и се главни креатори на нестабилноста, или пак да се започне со процес на демократизација по секоја цена, дури и по цена на изборите да победат организации како што се Муслиманското братство.[6]

Муслиманското братство е транснационална сунитска организација основана во Египет во 1928 година. Нејзината светска слава и популарност низ арапскиот свет е стекната во главно преку својот огранок во Палестина, Хамас и преку својот модел на политички активизам комбиниран со исламска хуманитарна работа. Нејзината кулуминација на политички план е достигната во 2012 година, на демократските претседателски избори во Египет, каде беше главен подржател на победничката партија. Меѓутоа, сето ова падна во периодични владини превирања поради наводни терористички активности. Победничкиот кандидат, Мухамед Морси, за само една година од превземањето на претседателската функција, беше тргнат од власт и уапсен преку масовни демонстрации и искажување на револт поради религиското угнетување на минорните маси и економска нестабилност.. Почнувајќи од 2015 година, оваа организација е именувана како терористичка од страна на Саудиска Арабија, Бахреин, Египет, Русија, Сирија и Обединетите Арапски Емирати. Главниот став на оваа организација е дека исламот е решение за сѐ, а Коранот и Суната се фундаментот и олицетворението на муслиманската фамилија, идивидуа, заедница и држава. Многу пати го интерпретираат џихадот како нивен единствен пат, при што смртта во името на Алах е нивна единствена желба.

Политичката нестабилност на Блискиот исток дојде до најголема експанзија во повоениот период во Авганистан и Ирак, каде нерешените ситуации настанати

---

[5] Координирани терористички напади на клучни цели во Сад од страна на терористичката организација Ал-Каеда, на 11ти Септември 2001 година. Освен кулите – близначки на Светскиот трговски центар, виден напад е извршен и врз зградата на Пентагон.

[6] Сашо Клековски, Арапска пролет – долга и независна транзиција. Превземено на 17.8.2016 година. http://www.megjutoa.mk/2012/08/arapska-prolet-dolga-i-neizvesna-tranzitsija/

од „Војната против теророт“ на САД и нејзините сојузници, нивното прерано повлекување на воените сили, ги распалија незагаснатите внатрешни немири. Арапскиот свет бараше одговор на брзорастечките западни економии, искоренување на уназаденоста и поттик на социјалниот и економски напредок. Тоталитарните и полудиктаторски режими веќе застаруваа и самосвеста на граѓаните и интелектумот во арапските држави не дозволуваше нивно опстојување.

Арапската пролет е револуционерен бран составен од демонстрации, протести, бунтови и граѓански војни кои ги зафати скоро сите земји на Арапската Лига и нивните окружувања. Иако Арапската пролет технички започна во Декември 2010 година и заврши до средината на 2012 година, нејзината сеуште постоечка трансформација во „Арапска зима“ го направи најголемиот дискурс на една револуција во крвави граѓански војни и ескалирачки бунтови. Најголемиот доказ за констатираното е тековната граѓанска војна во Сирија, која веќе 5 години е во полн тек, без навидум конкретни решенија за нејзин крај.

### 2.1.1. Причини за Арапската пролет

Причините за Арапската пролет се разновидни и содржајни:[7]

- ✓ Арапската младина – одбројувачка демократска бомба

Несомнено е дека популацијата на арапските земји во последните 30 години значително се зголемува, и тоа е очигледен факт за зголеменост на младата популација. Демократизацијата како поим, преку сите свои инструменти на влијание, влијае на индивидуалната мисла и расудување.

- ✓ Невработеност

Арапскиот регион од секогаш бил регион на нестабилност и немоќ за политички промени. Меѓутоа, Арапската пролет дојде до израз како масовна

[7] Primoz Manfreda, The reasons for the Arab spring. Превземено на 25.8.2016. http://middleeast.about.com/od/humanrightsdemocracy/tp/The-Reasons-For-The-Arab-Spring.htm

појава, не само поради тоа, туку и поради моментот на континуирано несправување со сиромаштијата и невработеноста, економскиот пад и незадоволителниот стандард на живот, кој е во надолна линија во последните 40 години..

- ✓ Застарени диктатори

Власта во арапските држави била контролирана од владетели кои, во моментот на Арапската пролет, имале застарени и истраени идеолошки и политички решенија за било кој проблем од државна природа. Како додаток на ова е и фактот дека поголемиот дел од популацијата на ваквите земји не верувал повеќе во самата легитимност на овие диктатори.

- ✓ Корупција

Економската нестабилност е издржлива само доколку луѓет веруваат дека таа ќе се реши и дека ги чека подобра иднина. Но, во земјите од арапскиот свет ситуацијата е поинаква. Благодарејќи им на долгите диктаторски режими, олигархијата ги имала најдобрите услови за нејзина експанзија.. Корумпираноста на власта доаѓала до тој степен што одредени елити акумулирале богаство незамисливо за останатото население, кое живеело на маргините на општествената егзистенција.

- ✓ Државна реакција

Реакцијата на арапските диктатори кон масовните протести беше очекувано лоша, почнувајќи од негирање на самите демонстрации па до панични реакции проследени со полициска бруталност. Обидите за загушување на протестите преку употреба на прекумерна сила се одразија катастрофално лошо. Најголема беше реакцијата во Либија и Сирија каде дури резултираше со граѓанска војна. Со секоја жртва масовноста беше сѐ поголема.

Арапското будење, како што уште се нарекува Арапската пролет, започна по самозапалувањето на обичниот тунискиот трговец, Мухамед Буазизи, кое е резултат на конфискацијата на неговиот имот, како и на менталната тортура и омаловажувањето кое тој го доживеал од државниот службеник – спроведувач на

конфискувањето, потпомогнат од други државни и полициски службеници.[8] Неговото самозапалување на 17 Декември 2010 година, беше катализатор на протестите во Тунис, но и на самата Арапска пролет. Чинот кој тој го направи, иницира демонстрации низ цел Тунис, како протест на социјалните и политички проблеми во државата. Арапската пролет единствено во Тунис резултира со целосна владина промена, каде долгогодишниот претседател Зин Ел Абудин Бен Али пребега во Саудиска Арабија, а нови демократски избори и нова власт беа воспотавени во Тунис. Единствениот проблем е во тоа што стабилноста во државата сѐ уште не е воспоставена, поради проблемите околу донесувањето на нов Устав, како и начинот на решавање на сиромаштијата и невработеноста.

Иако започната во Тунис, Арапската пролет својот одлучувачки момент за пормена на регионот засекогаш, го доживеа во Египет, со падот на египетскиот претседател Хосни Мубарак, главниот сојузник на западните земји во арапскиот свет. По неговиот пад, политичката криза во земјата не заврши, поради контоверзиите на претседателските избори, каде победничката партија , и нивниот кандидат Мухамед Морси, беше спонзорирана од исламисти, кои го нарушија секуларистичкиот баланс во државата и економскиот пад на земјата го забрзаа, наместо да го елиминираат. Главната улога во државата, во моментов ја има војската, која играше и клучна улога при падот на претходниот претседател. Демонстрациите против Морси во 2013 година завршија со негово тргање од власт, покрај зголемената поларизација на исламот и секуларизмот во државата. Првата граѓанска војна предизвикана од Арапската пролет се случи во Либија, каде режимот на полковникот Муамер ел – Гадафи наиде на силен отпор од демонстрантите и неговите опозиционери. Граѓанската војна ескалираше до тој степен што НАТО беше принудена да интервенира од страната на бунтовниците, со чија помош тие го срушија режимот на Гадафи и на 20 Октомври 2011 година, тој беше убиен.[9] Сепак, повоениот период во Либија не резултира со конкретни

[8] Thessa Lageman, Mohamed Bouazizi: Was the Arab Spring worth dying for?, http://www.aljazeera.com/ Превземено на 22.10.2016

[9] Damien McElroy, Colonel Gaddafi died after being stabbed with bayonet, says report, http://www.telegraph.co.uk/ Превземено на 23.10.2016

ефикасни решенија, поради тоа што државата остана поделена на региони контролирани од бунтовнички војски кои ја слабеат централната власт до степен на нејзино минорно влијание во државните дејствувања и скоро никаква експресија на нејзината автономност. Арапското будење ги пренесе демострациите и во другите земји од Арапскиот свет, со различен интензитет соодветно. Овде станува збор и за Либан, Алжир, Оман, Јордан, Јемен, Ирак, Судан, Бахраин, Кувајат, Мароко, па дури и минорни протести кои брзо беа задушени во Саудиска Арабија.

Слика 1 – Арапскиот свет по Арапската пролет[10]

Picture 1 – The Arab world after The Arab spring



- Египет, Јемен – Повеќекратна промена на власт.
- Тунис – Промена на власт.
- Ирак, Алжир, Судан, Ирански Кузестан, граница на Израел – Силни и големи протести.
- Либија, Сирија – Граѓанска војна.
- Џибоути, Сомалија, Мавританија, Саудиска Арабија, ОАЕ, Палестинска територија – Минорни и помалку значајни протести.
- Јордан, Оман, Кувајт, Мароко, Либан – Големи протести и владини промени.
- Други протести и воени дејства надвор од Арапскиот свет.

---

[10] Giavana Margo, Brittany Bonning & Tese Wintz Neighbor, Understanding the Arab Spring form the inside: A Resource packet for educators, World Affairs Council, 2012.

### 3. Сириска граѓанска војна

Сирија е арапска земја која се наоѓа во срцето на Блискиот Исток, превземајќи го приматот на крстосница на источниот Медитеран. Наоѓајќи се во срцето на Блискиот Исток, сириската гео – политичка положба ѝ дава значајна улога во билатералните и мултилатерални односи и дозволува да има силна независна надворешна политика. Како муслиманска земја, а и близок сојузник на Иран и Русија, таа е во постојан конфликт со Израел уште од самото создавање на Израелската држава во 1948 година. Освен ова, многубројни палестински групи кои се борат против Израел, се спонзорирани од Сирија. Шестдневната војна меѓу Сирија и Израел во 1967 година резултирала со превземање на Голанските висорамнини од страна на Израел, кои претходно биле територии на Сирија. Ниту војната[11] во 1973 година, помеѓу Сирија, Египет и Ирак, од едната страна и Израел, од другата, не резултирале со превземање на овие територии од израелското управување и до ден денес висорамнините се под израелска контрола.[12]

Сирија е мултирелигиска држава во чие општество зголемено егзистираат секуларни фракции кои се главни причинители за зголемување на сунитско – шиитската тензија во Блискиот Исток. Окружена од религиозно ранливи држави, Сиријската граѓанска војна е катализатор на главната дестабилизација на целиот регион, вклучувајќи ги Турција, Либан, Ирак и Јордан. Ваквата импликација може да прерасне во регионална катастрофа. Токму затоа овој конфликт, кој веќе е во полн размер и во Ирак, е важен за големите светски сили. Мешањето на Русија, Европската Унија и САД во конфликтот, е со цел за зачувување на кохерентноста на регионот и превенција од регионална и глобална ерупција, проследена со имплементација на сопствени надворешни интереси.

Сирискиот конфликт во целост може да се поврзе со протестите на Арапската Пролет. Истата година, во градот Дараја, 13-годишни ученици, на ѕидот

[11] Октомвриска војна која траела од 6 до 25 Октомври, 1973 година. Завршила со мировен договор меѓу завојуваните страни, под покровителство на Обединетите Нации.

[12] Golan Heights profile, http://www.bbc.com/ Превземено на 23.10 2016

од своето училиште напишаа антивладини графити, за кои подоцна беа уапсени од сириските безбедносни сили, испрашувани и мачени.[13] Иако протестот започна како мирен протест за демократски реформи, набрзо прерасна во масовни демонстрации против државниот врв на Сирија и нејзиниот претседател, Башар ал – Асад. Паралено на ова, Асад се договори со Арапската Лига за мирно решавање на настанатите демонстрации со цел за смирување на тензијата на целиот регион. Меѓутоа, тој го направи сосема спротивното, што резултираше со исфрлање на Сирија од Арапската Лига. Во градовите зафатени со демонстрации ги испрати воените сили, како навидум да сакаше ескалација на протестите и расчистување на своите опоненти. Воената реакција на Асад резултираше со повеќекратно напуштање на воените редови од страна на сириската војска и преминување на страната на опозицијата. Високо рангирани офицери, како и голем дел од регуларниот воен состав, изразија незадоволство со спроведувањето на политиките и нехуманоста во односот со демонстрантите и со тоа ја поткопаа легитимноста на самите одлуги на владеачкиот ешалон. На овој начин беа ставени темелите на најголемата граѓанска војна на Блискиот Исток во поновата историја.

„ Сириската војна веројатно е најлошата хуманитарна криза по Втората Светска Војна, со повеќе од половина милион убиени, а исто толку ранети или исчезнати, половина од 22 милионите жители кои живеат на Сириска територија, надвор од своите живеалишта. Освен ова, Сирија денес е најголемото војувалиште и најголем генератор на сунитско – шиитски секти некогаш виден во светот, со големи закани за територијалните граници на Блискиот Исток и распространувањето на тероризмот. Она што започна како обид од страна на Претседателот Асад да го пригуши сирискиот најголем бунт, прерасна во регионална војна која ја подели државата во три генерални зони во кои, во главно, се доминантни терористички организации.[14] Во подалечнитот сириски запад, контролата ја имаат Алавитите[15] и минорно – доминантниот режим на Асад, како и

---

[13] Avi Asher-Schapiro, The Young Men Who Started Syria's Revolution Speak About Daraa, Where It All Began, https://news.vice.com/ Превземено на 20.10.2016

[14] Признаени од ООН како такви.

[15] Арапска религиозна заедница, често пати дефинирана како субверзија на Шиитскиот Ислам.

мозаик од Шиитски милитанти групи, тренирани и финансирани од Иранскиот Заштитнички Револуционерен Корпус.[16] Во централниот дел на земјата, контролата ја делат Умерените Сунити, Исламистите и џихадистичките групи, како што се ИСИС[17] и Џабат ал – Нусра[18]. Во североисточниот дел на Сирија, Куртската група за заштита на луѓето имаат обединето два од трите кантони во обид за проширување на Рохава[19]. Поради крварењето на луѓето во земјата, соседните земји создадоа свои сфери на влијанија, најчесто базирани на сектички агенди кои ја кинат основата на сириското општество. Иран, а сега и Русија, се силни подржувачи на режимот на Асад; Турција, Јордан, Обединетите Арапски Емирати, Саудиска Арабија и Катар ја подржуваат доминатната сунетска опозиција; и Куртската работничка партија ја поддржува Куртската група за заштита на луѓето.“[20]

Меѓутоа, Сириската граѓанска војна својата кулуминација ја започна на 21 Август 2013 година, во две области во околината на Дамаск, контролирани од опозициските трупи. Овие области беа погодени од ракети наоружани со хемискиот реагенс сарин[21] и како резултат на ова, умреа повеќе од 1500 луѓе. Овој напад е категоризиран како најсмртоносна употреба на хемиско оружје на Блискиот Исток во последните 30 години.[22] Реакцијата на светската јавност беше очекувана: згроженост од фактот дека оружје за масовно уништување беше употребено во 21 век, покрај сите напори за зачувување на светскиот мир и кохезија по двете светски војни. Претседателот Обама[23] остро реагираше на ова, дефинирајќи ја Сирија како „црвена зона“[24] и закануvajќи се со воена интервенција

[16] Специјални воени трупи на Иран, задолжени за зачувување на исламскиот режим.
[17] Акроним од Исламска Држава на Ирак и Сирија, е исламистичка терористичка организација која произлезе од Ал Каеда во Ирак, која се бори на териотријата на овие две земји за воспоставување исламски калифат.
[18] Сунитска исламистичка група, која до 2016 година беше поврзувана со Ал – Каеда. Нејзината борба во Сирија е за тргање на Претседателот Асад од власт и воспоставување на Исламска држава во Сирија. Од Јули 2016 година, таа е декларирана како самостојна терористичка група.
[19] Западен Курдистан.
[20] Andrew Tabler, an expert on Syria at the Washington Institute for Near East Policy. http://www.washingtoninstitute.org/ Превземено на 20.10.2016
[21] Безбојна, немирислива течност која, како хемиско оружје, се користи како нервен гас.
[22] По Иранско - -ирачката војна која траела од 1980 до 1988 година.
[23] Претседател на Соединетите Американски Држави до 20-ти Јануари 2017.
[24] Термин кој се користи при употреба на оружја за масовно уништување.

против режимот на Асад. Имено, иако негирајќи во целост дека Сирија поседува оружје за масовно уништување сѐ до 2013 година, Претседателот Асад ја потврди присутноста на ваквото оружје во државниот арсенал на Сирија, притоа негирајќи каква било поврзаност со ракетниот напад со биолошко оружје и префрлајќи ја вината на опозицијата. Од друга страна, пак, сиријската опозиција, многу западни земји, земјите од Арапската Лига и Европската Унија тврдеа дека нападот е извршен од страна на силите на Претседателот Асад. Во една ваква комплицирана ситуација, моменти решаваа од целосна воена интервенција на САД со нејзините сојузници Франција и Велика Британија. Ваквата тензичност ја намали Русија преку предлогот за уништување на сите резерви на оружја за масовно уништување на Сирија, која таа мирно го прифати и со ова го одврати воздушниот напад кој претходно ѝ се закануваше. Паралено на ова, беше формиран експретски тим[25] од Обединетите Нации и Организацијата за забрана на хемиски оружја за утврдување на вината за ракетниот напад, чии извештаи посочуваат на сомнителност во тврдењата на сириската власт во однос на начинот на кој се случил грабежот на воените магацини каде хемиското оружје било складирано. Исто така, сметаат дека доказите кои биле приложени за обвинување на опозицијата од страна на сириската власт за лансирање на ракетите, се површни и неподобни.

И покрај напорите за уништување на оружјето за масовно уништување и спречување на неговата употреба во војната во Сирија, експертскиот тим смета дека во периодот од Декември 2015 до Август 2016 година, има добиено 130 нови обвинувања за употреба на хемиски оружја, кои дојави се од земји – членки на Обединетите Нации и кои тврдат дека во Сирија сѐ уште се употребуваат хемиски оружја или хемиски материјали како оружја. Сметаат дека информациите кои тие ги имаат добиено експлицитно ја утврдува вмешаноста на трупите на Асад и ИСИС, во овие наводни инциденти.[26]

Тековната ситуација во Сирија, во недостиг на заеднички договор за нејзино решавање, останува непроменета во смисол на активен воен конфликт.

[25] Повеќе за дејноста на овој тим може да се најде на https://opcw.unmissions.org/
[26] The Guardian (2016), Syrian regime and Isis carried out chemical attacks, say UN investigators. Превземено на 4.9.2016 г. www.theguardian.com

Светските сили се ригидно поделени на две страни: страната која има блиски односи со режимот на Асад, предводена од Русија, и страната која ја дава својата поддршка за бараните реформи на опозицијата, предводена од Соединетите Американски Држави. САД експлицитно бара Башар ал – Асад да биде тргнат од идната политичка слика на Сирија, тврдејќи дека луѓето повеќе од сигурно покажуваат незадоволство од неговото владеење и од неупехот за имплементација на долго очекуваните економски и социјални реформи, кој ја стави Сирија на маргините на општествена апатија. Од друга страна пак, Русија, која има блиски односи со Претседателот Асад, смета дека одлуката за тргање на Асад од власт не смее да биде надворешна и дека политичкото лидерство на Сирија треба да биде одлучено одвнатре, што дава можност за Асад да го одржува своето влијание до мера на стабилност во момент на голема политичка турбуленција. Инволвираноста во решавањето на сирискиот конфликт достигна глобално ниво. Светските сили ја формираа Г-20 групата или уште наречена Меѓународна група за поддршка на Сирија[27], сè со цел за наоѓање заедничко решенија за излез од сириската криза. Имено, мартовските обиди за решение не влодија плод на ниво на надворешни министри – преговарачи, каде главната расправа се водеше меѓу рускиот министер за надворешни работи[28] и американскиот државен секретар[29]. Постигнатиот договор за прекин на огнот беше повреден по само неколку недели. Западните земји директно го обвинија Асад за повреда на ваквиот договор.

Главниот проблем се исламистичките групи кои дејствуваат во Сирија, во преден план ИСИС и ал – Нусра[30]. Сириската опозиција во голем дел соработува со ал – Нусра, несакајќи притоа да ја прекинат соработката поради тоа што сметаат дека се ефективен начин за пораз на асадовиот режим, жртвувајќи го

[27] Група формирана на Виенските мировни преговори за Сирија во 2015 година, кои преговори се водат на ниво на министри за надворешни работи на земјите инволвирани во оваа група. 20 светски сили и меѓународни организации се дел од оваа група: Кина, Египет, Франција, Турција, Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати, Велка Британија, САД, Русија, Катар, Оман, Либан, Јордан, Италија, Иран, Ирак, Германија, Европската Унија, Арапската Лига и Организацијата на Обединетите Нации. Копреседништво имаа Русија и Сад, како главни мировни иницијатори.
[28] Сергеј Лавров.
[29] Џон Кери.
[30] Од Јули 2016 г., името го променија во Џабат Фатех ал – Шам (поход на Сирија).

својот живот во името на каузата. Од друга страна пак, Асадовите трупи напредуваат кон опозициските територии, велејќи дека се борат против исламистичките узурпатори, а сепак применувајќи воено насилство и кон опозициските трупи и цивилното население. Сложената текстура на војната во Сирија е невозможно да се реши со едноставни решенија. Затоа сеуште не може да се дојде до прифатливо решение за сите страни.

Самитот во Кина на Г-20 групата[31] не донесе конкретни решенија. Потребен е заеднички договор меѓу Русија и САД за борба против исламистичките групи. Таквото решение не е едноставно. Тоа значи и соработка на разузнавачки, воен, политички и економски план, кој до сега, не е евидентиран. Токму затоа, светските сили имаат претпазлив пристап кон војната во Сирија, барајќи време за нејзино решавање и донесување на солиден, одржлив договор. Кинескиот самит ги стави само темелите на евентуалниот договор за прекин на огнот во завојуваниот сириски град Алепо, кој во моментот е единственото силно уточиште на исламистичките сили на ИСИС во Сирија. Минатонеделните преговори[32] во Женева резултираа со презентиран договор за прекин на огнот меѓу завојуваните страни на сирискиот фронт, презентиран од главните преговарачи, министерот за надворешни работи на Русија, Сергеј Лавров, и државниот секретар на САД, Џон Кери. Опозициските сили се најскептични во поглед на договорот, поради проблематичното минато на почитување на склучени договори од страна на Асадовите сили и неговите сојузници.[33]

Времето не е на страната на Сирија. Хуманитарниот аспект на војната во Сирија покажува застрашувачки податоци. Бројот на мртви секојдневно расте, Цивилното население е под постојан терор од неколку завојувани страни. Единствената нивна вина е тоа што се наоѓаат на погрешно место, во погрешно време. Петгодишната војна во Сирија ја влошува ситуацијата на секое поле: војувањето е зголемено и насилството во државата постојано расте. Во самата држава се раселени повеќе од 6 ипол милиони жители, вклучувајќи ги и оние

---

[31] Во периодот на пишување на овој труд, Септември 2016 година.
[32] Точниот датум на одржаните преговори е 10.9.2016 година.
[33] Самир ал – Нашар, водач на опозициските сили, во разговор за новинарската агенција DPA www.dpa.com

жители кои се притиснати на границите на јужната и северната страна од државата. И покрај влошеното насилство и внатрешното раселување во Сирија, регистрацијата на сириски бегалци во соседните држави е порасната само за половина степен од растот во 2015 година. Половина милион бегалци се регистрирани во првите шест месеци од 2016 година, но најмногу поради регистрацијата на Сиријците кои се веќе во Турција.

Земјите кои ги примаат бегалците го носат товарот кој го наметнуваат политичките, социјалните и безбедностите ризици од војната. Зголемувањето на популацијата од почетокот на војната ги става институциите под голем тест за имплемнтација на соодветните норми потребни за зачувување на умерено ниво на живот и обезбедување општествени услуги на голем број загрозени луѓе. Токму затоа, загрозени од испразнување на националните буџети, потребни се надворешни инјектирања на финансиска и институционална помош. Меѓутоа, главна цел на меѓународната заедница воопшто е прекин на оваа исцрпувачка војна, импчементација за постигнатите мировни договори во целост, обезбедување хуманитарна помош за загрозените делови и воспоставување ефикасна транзиција на сегашната политичка состојба во политички еквилибриум кој одговара на сите засегнати страни.

Слика 2. – Регистрирани Сиријски бегалци[34]

Picture 2. – Registered Syrian refugees




Во моментот има 4.808.021 регистрирани сириски бегалци[35]. Табелата подолу ја претставува процентуалната застапеност на бегалците по род и старост.

Табела 1. – Демографски приказ на Сиријските бегалци[36]

Табле 1. - Demography of the Syrian refugees




[34] Syria Regional Refugee Response, Inter – Agency Information Sharing Portal, Превземено на 6.9.2016 http://data.unhcr.org/

[35] Оваа бројка вклучува 2.1 милион Сирийци регистрирани од УНХЦР во Египет, Ирак, Јордан и Либан, 2.7 милиони Сирийци регистрирани во Турција, како и околу 30.000 сириски бегалци регистрирани во Северна Африка.

[36] Извор УНХЦР, Владата на Турција. Превземено на 6.9.2016 data.unhcr.org/

Табела 2. – Финансиски сооднос за потребите на бегалците[37][38]

Table 2 – Financial ratio of the refugee`s needs




[37] UNHCR ; Syria Regional Refugee Response, Inter-agency Information Sharing Portal, Превземено на 6.9.2016 http://data.unhcr.org/

[38] Вредностите се дадени во милиони американски долари.

## 4. Заклучок

Конкретноста на појавата на миграција и самите миграциони движења е важен дел од објаснувањето на самата распределба на географската карта на светот, онаква каква ја знаеме денес. Миграциите сами по себе се нужно дејствие кое резулира со топографска, национална и етничка промена. Блискиот Исток, како централно место за анализа, преку истражувањето, покажува низа нерегуларности во националниот развој на одделните негови единки. Токму затоа согледуваме дека тоа прераснува во најтурбулентен географски предел на денешницата, не покажувајќи знаци за спластување на страстите, историски познати како долготрајни. Доколку ги погледнеме причините за ваквата појава на дестабилизација, ќе забележиме низ на случувања кои, преку метод на конклузија, секогаш резултираат на еден, единствен начин: вооружен конфликт. Конфликтот е аплитуда на внатрешните немири и револтот кој се случува меѓу народот на Блискиот Исток. Токму Сириската криза е брендирана како најголема бегалска криза и најголем вооружен конфликт на 21 век. Ваквата етикета е доволен показател за енормноста на проблемот со кој се соочуваме, а преку анализата доаѓаме до расветлување и конкретизација на апстрактноста на проблемот и табуата кои го следат. Структурата и содржината на овој дел, јасно покажуваат потврдност на една од двете помошни хипотези поставени во трудот т.е. дека историјата и сите воени и политички активности во светски рамки предизвикале ширење и продлабочување на мигрантските движења.

# ВТОРА ГЛАВА

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ АЗИЛ

### 1. Дефиниција на азил

Зборот „азил“ потекнува од латинскиот збор asylum, кој во буквален превод значи прибежиште, засолниште, додека во поширока смисла на зборот претставува неприкосновено место.[39] Покрај латинското определување на терминот азил се среќаваме и со грчкиот збор „азилос“ односно - оној што не може да биде заробен. Согледувајќи го определувањето на терминот азил може да се извлече една буквална дефиниција на азилот како движење на едно лице од една држава во друга како резултат на одредени причини поради кои лицето не може да остане да го остварува своето право на живот во соодветната држава, па поради истите индивидуата се обидува да најде свое засолниште.

Историски гледано, азилот се појавил во античките држави на Блискиот Исток и Медитеранот, каде се појавил како привилегија која ја имале одредени поединци, а не како нивно право. Во почетокот, азилот претставувал место на кое поединецот можел да се сокрие, обично на места како храмови и светилишта. Со развојот на модерните држави азилот постепено добива политички карактер и денес во главно се дава само на политички бегалци и сторители на политички кривични дела. Поимот азил во општа смисла може да се дефинира како прифаќање од страна на државата на пребеганите лица и нивна заштита од акти на гонење, враќање или екстрадиција во државата од која побегнале.[40] Ваквото дефинирање на институтот на меѓународното казнено право раѓа потреба за целосно утврдување на вистинските причини поради кои одредено лице би стекнало статус на бегалец. Азилот е тесно поврзан со поимот бегалец. Барателот на азил честопати е бегалец, но не секогаш бегалецот е барател на азил во

[39] Jason Dzubow, The Ancient Origins of Asylum: Part 1, http://www.asylumist.com/ Превземено на 23.10.2016

[40] В.Камбовски, Меѓународно казнено право, Просветно дело, Скопје. 1998 стр.155

одредена земја. Бегалецот настанува како ентитет најчесто во завојувани подрачја. Стравувајќи за својот живот и благосостојба на саканите, кај бегалецот постои реален страв од негово прогонување од матичната земја поради неговата припадност кон одредена верска, социјална, политичка или национална група. Поради тоа, тие се принудени да ја напуштат својата земја. Третиот поим кој ја прави трилогијата на слични поими бегалец – мигрант – азилант затворена, е токму азилот како институт и азилантот како стекнат статус на одредена индивидуа во определена земја. За да може одредена личност да се стекне со правото на азил, секогаш е во својство на мигрант или бегалец. Мигрантот всушност го претставува секој кој ќе се определи за преселување, најчесто од економски и социјални причини, од своето место на живеење во друго, без разлика дали станува збор интерно мигрирање во границите на својата држава или екстерно мигрирање, надвор од границите на матичната земја. Определбата за времето и дестинацијата кон која ќе се движи е оставена исклучиво на мигранот, иако во одредени случаи одлуката мора да се донесе брзо и непромислено. Барањето азил е, всушност, разликувачката определба која го дефинира азилот како посебен меѓународно – правен институт и притоа го дистанцира од ограничувачките поими на миграција и преселување. Азилот е erga omnes во однос на годишната возраст на луѓето, полот и професионалниот степен и занимање. Исто така, еднакво ги третира сите социјални слоеви на општеството, без никаква сегрегација.

Азилот како правен институт од национален и меѓународен размер, експлицитно е дефиниран единствено во Женевската конвенција за статусот на бегалците од 1951 година[41] и нејзиниот Протокол од 1967 година. Ова се единствените меѓународни правни инструменти кои, меѓу другото, најдобро ги дефинираат нормите кои го уредуваат азилот и бегалскиот живот воопшто. Несомнено е дека секоја држава – потписничка на оваа Конвенција и нејзиниот Протокол ги применува одредбите пропишани во нив и ги имплементира во своето

[41] Усвоена на on 28 Јули 1951 за време на Конференцијата на Обединетите Нации на ополномоштените пратеници за Статусот на бегалците и лицата без земја свикана по одлуката 429 (В) на Генералното собрание на 14 Декември 1950 која Стапува на сила на: 22 Април 1954, во согласност со параграф 43;

национално законодавство. Според определбите во оваа Конвенција и нејзиниот Протокол, бегалците заслужуваат, најмалку, исти стандарди на однесување кои дадената земја ги применува кон сите останати странски државјани, а и во одредени ситуации, еднакви стандарди како домицилните граѓани.

Меѓународните закони, кои подоцна во поголем дел, а некогаш и во целост, се транскриптираат во националните закони. Според нив, бегалците кои не се во можност да се вратат во сопствените земји поради страв од прогонство во истата, имаат можност да поднесат барање за признавање на азилантски статус, со кој се стекнуваат на одредени права и бенефиции. Меѓутоа, како формално право, ова претставува сложен процес кој не ветува секогаш потврден одговор.

## 2. Бегалец и лице под супсидијарна заштита

Во текот на покренување на постапката за барање на азил, се покренува постапка за утврдување статус на признаен бегалец. За добивање на статус на признаен бегалец, лицето е потребно да ги исполнува условите пропишани во Конвенцијата од 1951 година, подоцна надополнети со Протоколот кон истата од 1967 година. Имено, лицето кое поради определени, веќе настанати ситуации, оправдано се плаши за својот живот и е принудено да ја напушти својата земја поради страв од прогонување врз основа на верска, национална, етничка, политичка и друга основа. Истото ќе се најде надвор од границите на својата земја и притоа помош не сака да бара од неа поради горенаведениот страв.[42] По одминувањето на постапката за барање на азил, која истата ќе биде детално обработена во овој труд, барањето може да биде одбиено или прифатено. Во случај на непризнавање на статус на признаен бегалец, а со тоа и негирање на можност за формално стекнување со право на азил, на странците им се нуди можност за супсидијарна заштита. Доколку лицето е под супсидијарна заштита, тоа значи дека е странец без признаен меѓународен статус на бегалец, но сепак се овозможува уживање на правата и обврските кои следуваат од добивањето на

[42] Конвенција за статусот на бегалците, 1951 г. http://www.unhcr.org/3b66c2aa10.html

азил. Ова е поради тоа што тоа е лице за кое основано се верува дека, доколку се врати во својата матична земја, или во земјата на својот вообичаен престој, ќе се соочи со сериозни последици. Овие последици опфаќаат смртна казна или егзекуција, усмртување или мачење на нехуман начин, сериозна индивидуална закана по животот или слободата. Истото важи и доколку се работи за ситуации со меѓународни или внатрешни конфликти, но и за каков било облик на војна. Поднесувањето на молба за одобрување на меѓународна заштита и целата постапка на нејзино одобрување, како и последиците и правата кои произлегуваат од нив, критички ќе се анализираат преку структурна анализа на македонскиот закон за азил и привремена заштита, кој е создаден по терк на сите меѓународни правни акти кои ги уредуваат овие прашања

## 3. Заклучок

Азилот како формален институт, постојал илјадници години низ историјата, најчесто како привилегија, а не како право. Привилегија која најчесто била користена за засолниште, без каков било политички карактер. Со развојот на цивилизацијата, азилот добил свој политички карактер и правно оформување, поради што поимот азил смисла може да се дефинира како прифаќање од страна на државата на пребеганите лица и нивна заштита од акти на гонење, враќање или екстрадиција во државата од која побегнале. Барањето азил е, всушност, разликувачката определба која го дефинира азилот како посебен меѓународно – правен институт и притоа го дистанцира од ограничувачките поими на миграција и преселување. Во текот на покренување на постапката за барање на азил, се покренува постапка за утврдување статус на признаен бегалец, лице кое поради одредени ситуации оправдано се плаши за својот живот, од прогон на најразлична основа и поради тоа е принудено да ја напушти својата земја.

# ТРЕТА ГЛАВА

## МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ НА АЗИЛ

### 1. Универзална декларација за човекови права

По завршувањето на Втората светска војна, дејствата на државите во светот се насочиле кон максимална хуманизација на правните норми и воспоставување на светски мир.

Основањето на Обединетите Нации е највисока форма на глобално партнерство за светски мир. Човековите права се непроменлива алка во флексибилноста на еволуцијата на правните регулативи. Концептот на човековите права е сублимација на хуманиот дострел на општествените движења, преку што се интегрираат како универзално прифатен систем на вредности со комплексна содржина. Концептот ја црпи својата комплексност од тежината на стрктурата на предметот кој го опфаќа, од кого произлегува. Човековите односи, всушност, ја дефинираат рамката на ширење на самите човекови права и ја надополнуваат нивната пространост. Животот и достоинството на човекот се неотуѓиви – концептот кој произлегува од ова ја дава важноста на личните права како примарни права на човекот. Кодифицирањето на овие права и воспоставувањето на едни од најважните принципи во модерната историја на човештвото се случиле дури по црната дамка во историјата на 20-тиот век. Друштвото на Народите кое произлегло како чувар на мирот по завршувањето на Првата светска војна, легислативно пасивно заостанало во трката за воен развој и подготвување на грозоморната Втора светска војна. Геноцидот кој настанал за времето на Втората светска војна, експлоатацијата на човечкиот труд и погазување на човековите принципи и достоинство, само ги апострофирал веќе препознатливите недостатоци во правната легислатива во однос на човековите права.

По завршувањето на војната, се пристапило кон донесување на правни акти во форма на Декларација, која би имала универзално дејство, под закрила на

новонастанатиот чувар на светскиот мир, Обединетите Нации. Универзалната Декларација[43] на Обединетите Нации е ултимативен извор на правни норми кои даваат нова димензија во регулирањето на човековите права. Како правен документ, создадена е како целна линија по која би требало да се прдружуваат државите во делувањето со човековите права, иако не е правно обврзувачка. Иако не претставувала дел од Меѓународното право се до 1968 година, сепак, моќноста која ја поседува е несомнено голема, во однос на примената дипломатксите и моралните притисоци кои кршат одредени одредби од Декларацијата. Универзални права за сите луѓе е, всушност, движечката мисла на Декларацијата и синтагма на Обединетите Нации, преку кои всушност, започнува новото гледиште на човековите права како универзални и единствени за сите.

Самата универзалност, како појдовен концепт, мора да биде сфатена од нејзината целокупност и полидимензионалност. Всушност, сето ова подразбира важење на истите секаде, без разлика на територијална или географска определба. Применливоста на Декларацијата е неспорна, секоја ситуација на прекршување на правилата кои произлегуваат од неа дозволува имплементација. Иако универзалноста и суприматијата која Универзалната Декларација ја ужива теоретски е лесно и едноставно применлива, наодите од праксата покажуваат различни резултати. Имено, сложеноста на културните и религиските разноликости, диференцијалноста на културните модели кои егзистираат во цивилизациското општество, несомнено ја отежнуваат едноставноста и ефикасноста на пропишаните норми. Усогласувањето на иситите во однос на перцепцијата кон апсолутноста на важењето на човековите права, се коси со погледите на човековото секојдневие како и со самата категоризација и поделба на луѓето по групи. Сепак, користењето на овој концепт и настојувањето истиот да се издигне на највисоко ниво, довело до создавање на еден заеднички вредносен

[43] Секретаријатот на Обединетите Нации го повикал Канаѓанецот Џон Петерс Хамфри за да биде главен носител на проектот „Универзална Декларација“. Во конструирањето на правната рамка бил помогнат од Елеонор Рузвелт од САД, Рене Касин од Франција, Чарлс Малик од Либан и П.Ц. Јанг од Кина.
Донесена е на заседаниоето на Генералното собрание на Обединетите Нации, на 10ти Декември 1948 година, со 48 гласа „за“, О „против“ и 8 воздржани (земјите од советскиот блок, Ссаудиска Арабија и Јужна Африка).

систем, систем кој го израмнува секој степен на различност во цивилизацискиот развој. Човековите права несомнено го црпат своето постоење од неделивоста на човековото битие. Имено, човековите права, сами по себе, се интегрирани во генетскиот код на човековите суштества во нивното постоење како единки кои се дел од универзумот. Правата сами по себе се дефинираат како сеопфатни, токму поради комплексноста на самите и неделивоста на поединечни елементи. Меѓутоа, практиката дозволува поединечно ограничување на тие права, општо прифатено од цивилизациските општества со цел за воспоставување на повисока цел, обезбедување на општествен мир и осигурување на права еднакво важни за колективот, како и за единката.

Дилемата е токму во оправданоста на овие дејствија, кои се контрадикторни сами по себе во одредени елементи, за сепак, да бидат целосно прифатливи во останатиот свој дел. Комплексноста со која се товари интерперсоналното дејствување и наднационалните политички и општествени односи, резултираат во тоа да, и покрај тоа што добра половина од еден век, интензивно се посветува внимание на човековите права, сепак, има ситуации во кои тие права се повредени а решението за отргнување на настанатата повреда е со поделени мислења.

Операционализацијата на Универзалната декларација не бара конкретни работни тела, како што нејзината применливост нема обврзувачки карактер. Сепак, нејзиното постоење како правно необврзувачки документ не е никава пречка таа да биде ратификувана и да биде главна водилка во конструирањето на правните системи на над 140 земји во светот. Нејзината структура има целосна практична вредност и го демантира митот за тоа дека таа е само имагинарна надеж и желба претворена во пишан текст, кој настанал на почетокот од нејзиното постоење. Оптималната искористеност на Декларативните норми се евидентира преку вметнувањето во меѓународниот акт за граѓански и политички права, како и во актот за економски, културни и социјални права. Овие два акти на ОН се, *de jure,* столбот на меѓународната легислатива за човекови права. Понатамошната надградба на меѓународното право поврзано со човековите права е целосно базирана на Универзалната Декларација за човекови права т.е. не постои

инструмент кој не ја црпи својата основа од Декларацијата, во однос на својата апликативна форма и конкретизација. Многу од одредбите обработени во Универзалната Декларација, се фундамент за целокупното меѓународно приватно право.

Универзалната Декларација, како и другите меѓународни акти кои пропишуваат одредени норми кои уредуваат прашања од областа на заштитата на човековите права, достоинство и добродетели, за главен фокус го имаат човекот како слободно и интелектуално развиено суштество. Оттука, секоја земја и политички и правен ентитет, кои ги подржуваат пропишаните одредби по било која основа, се гледаат и како промотори на човековите граѓански и полотички слободи и права, несомнено поцртувајќи ги и личните права како апсолутна слобода.

## 2. Конвенција за статус на бегалци и Протокол за статус на бегалци

Едно од најважните достигнувања во минатиот век, во областа на хуманитарното право, несомнено е и воспоставувањето фундаментална основа на принципот дека проблемот со бегалците ширум светот е проблем кој ги засега сите слоеви на општественото битие. Сето ова вметнато во интернационалната рамка на процесот глобализација, кој карактеристично заппочнува со својата експанзија паралелно со најголемите промени токму во хуманитарното право, не негирајќи ги промените во другите цивилизациски области.

Дејствата кои произлегле од Првата светска војна, создале услови за појава на барања за правна регулација на сѐ поголемиот број миграции и појава на бегалци. Сето ова паднало под закрила на Лигата на Народите. Владите на засегнатите земји овозможиле одредени патнички документи преку низа билатерални и мултилатерални договори, правејќи ги засегнатите лица први бегалци на 20-тиот век. Втората светска војна само го засилил проблемот со недостигот на соодветна универзална легислатива за справување со бегалските кризи, миграционите движења и барателите на азил. Најголемата војна досега,

отворила повеќе фронтови одеднаш, создавајќи услови за појава на бегалски жаришта на повеќе места одеднаш. Токму затоа, по самото нејзино завршување, сукцесорот на Лигата на Народите, Организацијата на Обединетите Нации, како една од главните цели го зацртала и справувањето со претходно споменатите проблеми. Создавањето на Универзалната Декларација за правата на човекот, објаснета поопширно во претходната точка, станала појдовна точка за усовршување на различни легислативи.

На глобално ниво, најсоодветно формиран и правно обврзувачки документ несомнено е документот на Обединетите Нации, именуван како Конвенција за статусот на бегалци[44].

Конфликтната реалност, насилствата и прогонот продолжуваат да создаваат општествени поместувања. Бегалската заштита продолжува да биде приоритет за они кои се принудени да ги напуштат своите земји. Конвенцијата за статусот на белалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалци од 1967 година се единствените глобални правни инструменти кои ги покриваат најважните аспекти од животот на бегалците. Во согласност со нивните одредби, бегалците заслужуваат, во најмала рака, еднакви стандарди на третман кои ги уживаат и другите странски државјани во дадена земја. Во многу случаи, пак, еднакви стандарди како и државјаните на таа земја.[45]

Имено, на дипломатската конференција во Женева, донесувањето на Конвенцијата го сменила дискурсот на односот кон бегалските кризи и заштитата на бегалците. Теророт кој настанал во Втората светска војна, оставил зад себе милиони бегалци со нерешен правен статус. Оваа Конвенција го решава токму тоа. Конвенцијата сама по себе претставува правно обврзувачки документ[46] кој за прв пат дефинира индивидуални поими како бегалец, кој всушност може да добие правен статус на бегалец и на кој начин, каква правна заштита ужива признатиот бегалец. Исто така, таа ги дефинира и обврските на бегалецот кон земјата во која

[44] Женева, 28ми Јули 1951 година. На сила стапила на 22ри Април 1954 година.
[45] THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL, UNHCR, September, 2011
[46] На земјите потписнички. Во моментот над 144 земји ја имаат потпишано Конвенцијата и/или нејзиниот Протокол.

тој се наоѓа. Конвенцијата во својата текстура внесува нови поими и определува одредени категории на луѓе, како што се воените криминалци, и воедно дефинира зошто тие не можат да стекнат статус на признаен бегалец. Првично, Конвенцијата за статусот на бегалци била донесена за решавање на проблемот со Европските бегалци.

„Во смисла на оваа Конвенција, изразот „бегалец“ ќе се применува на секое лице кое се сметало како бегалец во однос на аранжманите од 12-ти Мај 1926 година и 30-ти Јуни 1928 година, или во однос на конвенциите од 28-ми Октомври 1933 и од 10-ти Февруари 1938 година и Протоколот до 14-ти Септември 1939 година, или пак во однос на Уставот на Меѓународната организација за бегалци[47].“[48]

Конвенцијата е заштитник на бегалците. Според неа, исто така, е секое лице кое е надвор од границите на својата матична земја, или земја на постојано живеење. Има основан страв од прогон поради својата религија, раса, националност, припадност кон одредена социјална група или политичко убедување и е немоќно да се спаси од прогонот на таа земја, или пак не сака да се врати во неа, поради страв од прогон.[49]

Ваквата формулација на Конвенцијата несомнено ја ограничува нејзината важност за одреден период и за определена категорија на бегалци. Настаните по Втората светска војна, тензиите воспоставени со Студената војна и честите конфликти во опрделени подрачја на светот, наложиле потреба од промена и проширување на правната рамка на важење на Конвенцијата.

Протоколот за статусот на бегалците[50] е директно надополнување и усовршување на Конвенцијата, донесен во период на застареност на ограничувачката временска рамка на истата. Конвенцијата од 1951 година го ограничува своето важење за бегалци за кои околностите за стекнување на статус

[47] УНХЦР - Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации.
[48] Член 1. Оддел А, став 1, Конвенција за статус на бегалци.
[49] Член 2. Оддел А, став 1, Конвенција за статус на бегалци.
[50] Протоколот за статус на бегаците, клучен правен документ/договор во областа на меѓународното хуманитарно право. Стапил на сила на 4 Октомври 1967 година, а бил донесен на Конференцијата на Обединетите Нации во Њујорк, оттука познат и како Њујоркшкиот Протокол. Ратификуван е од 146 земји.

бегалци настанале како резултат на настани пред 1 Јануари 1951 година. Исто така, овозможува на земјите – потписнички да можат да ги толкуваат овие настани како настани кои се случиле во Европа, Протоколот од 1957 година ги елиминира географските и временските бариери, создавајќи универзален правен документ со важење erga omnes.

„Државите – потписнички на овој Протокол, со оглед на тоа дека Конвенцијата за статусот на бегалците создадена на 28-ми Јуни 1951 година во Женева (во понатамошниот текст: Конвенција), ги опфаќа само оние лица кои станале бегалци поради настаните кои се случиле пред 1-ви Јануари 1951 година, со оглед на тоа дека од времето на создавање на Конвенцијата дошло до ситуации поради кои настанале нови бегалци и да, тие бегалци поради ова не можат да бидат офатени со легислативата на Конвенцијата, со оглед на тоа дека е пожелно сите бегалци да уживаат ист статус опфатен во Конвенцијата, без разлика на споменатиот рок од 1-ви Јануари 1951 година.“[51]

„Во овој протокол изразот „бегалец“, со исклучок на примената во став 3 од овој член, ќе го означува секое лице дефинирано во членот 1 на Конвенцијата со изоставување на зборовите: „во однос на настаните кои се случиле пред 1-ви Јануари 1951 година...“ и зборовите „како последица на ваквите случувања“.“[52]

„Државите – потписнички ќе го применуваат овој протокол без какви било географски ограничувања, освен што веќе постоечките изјави дадени од земјите кои се веќе потписнички на Конвенцијата во однос на член 1 В (1) (а) на Конвенцијата, а кои не се прошрени врз основа на нејзиниот член1 В (2), ќе се применуваат врз основа на овој протокол.“[53]

Имено, заштитата која се нуди со Конвенцијата, потоа проширена и преку Протколот, не се смета автоматски и за постојана. Одредена индивидуа престанува да го ужива статусот на бегалец во моментот кога основите за неговиот/нејзиниот статус  престануваат да постојат. Ова е возможно, на пример, кога бегалците доброволно се вратат во својата матична држава во моментот кога не постојат причини кои го прават враќањето невозможно. Исто така, може да се

[51] Предговор на Протоколот за статус на бегалци, Њујорк, 1967година.
[52] Чл. 1 ст.2, Протокол за статус на бегалци.
[53] Чл.1 ст.2, Протокол.

случи и кога бегалците се интегрираат во државите – домаќини и станууваат дел од постојаното население.

### 2.1. Права и обврски на бегалците според Конвенцијата и Протоколот

Конвенцијата содржи голема лепеза права на бегалците, а исто така, ги потцртува обврските кои тие ги имаат кон земјата -домаќин. Столбот темелник на Конвенцијата за статус на бегалци е принципот на неповратност.[54]

Според овој принцип, бегалецот не треба да биде вратен во земја во која тој/таа се соочува со сериозни закани кон неговиот/нејзиниот живот и/или слобода. Овој принцип може да не важи за бегалци кои се разумно сметани за опасни по безбедноста на земјата – домаќин, биле осудени за сериозни кривични дела, или пак се сметаат за опасност по заедницата. Освен ова, сметано за едно од најважните права кои еден бегалец може да ги ужива, настрана загарантираните лични права, бегалците уживаат и низа други права вметнати во одредбите на Конвенцијата:

- Право да не биде протеран, освен под одредени, строго определени услови;[55]
- Право на вдомување;[56]
- Право на пристап до судовите;[57]
- Право да не биде казнет за нелегален влез на територијата на држава – потписничка:[58]
- Право на работа;[59]
- Право на образование;[60]
- Право на јавно олеснување и помош;[61]

---

[54] Чл.33, Конвенција за статус на бегалци. (орг. non – refoulement)
[55] Чл. 32, Конвенција за статус на бегалци;
[56] Чл. 21, Конвенција;
[57] Чл. 16, Конвенција;
[58] Чл. 31, Конвенција;
[59] Чл. 17-19, Конвенција;
[60] Чл. 22, Конвенција;

- Право на слобода и религија;[62]
- Право на слобода на движење во рамките на територијата;[63]
- Право да им бидат издадени лични и патнички документи;[64]

Одредени основни права, како правото на невраќање, се однесува на сите бегалци. Бегалецот почнува да ги ужива другите права пропорционално со престојот во земјата – домаќин. Колку подолго еден бегалец има статус на таков, толку поголем број права ќе му се потребни.

Бегалците се должни да ги почитуваат законите на нивната земја на азил и да ги почитуваат мерките превземени за одржување на јавниот мир.

Сепак, Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година не се единствените правни акти на светско ниво, кои ги имаат вметнато во својата легислатива одредбите кои го уредуваат статусот на бегалците ширум светот. Тие се само единствените глобални правни акти кои стриктно ја посветиле целата своја форма за решавање на статусот и правата на бегалците. Заедно со овие два акти, постојат неколку конвенции и декларации кои е од особено значење во одредени региони. На пример, постојат правни инстурменти во однос на бегалците кои се имплементираат во Африка, Латинска Америка и Европската Унија. Исто така, постојат и значителни тела на меѓународното право за заштита на човековите права кои ги имплементираат одредбите на Конвенцијата за статусот на бегалците и нејзиниот протокол, во однос на уредување на правата на бегалците. Државите веќе се посветени на заштита на правата на бегалците преку нивната посветеност кон човековите права, не помалку кон правото на сигурен и достоинствен живот. [65]

---

[61] Чл. 23, Конвенција;
[62] Чл. 4, Конвенција;
[63] Чл. 26, Конвенција;
[64] Чл. 27-28, Конвенција;
[65] THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL;

## 2.2. Важноста на пристапувањето кон Конвенцијата од 1951 година

Бегалскиот феномен и неговите глобални пропорции, влијаат директно не само на милиони маргинализирани луѓе, туку и на политиките и практиката на скоро секоја владина администрација во светот. Како значајна помош во спречувањето на овој проблем се смета проширувањето на основата врз која Обединетите Нации ја базира поддршката за примена на бегалските инструменти, осигурувајќи се притоа дека заштитата која им се дава на бегалците е универзална. Сето ова е за поеднаква дистрибуција на товарот и одговорноста меѓу државите засегнати од овие проблеми.

Пристапувањето на одредена држава кон Конвенцијата од 1951 година:

- Ја покажува нејзината посветеност во третирањето на бегалците во согласност со меѓународно признаените правни и хуманитарни норми;
- Им дава можност на бегалците за наоѓање на засолниште;
- Ја демонстрира подготвеноста на земјата да ја дели одговорноста во заштитата на бегалците;
- Им помага на телата на Обединетите Нации да мобилизираат меѓународна помош за заштита на бегалците;

Ја олеснува тензијата меѓу државите која настанува при решавањето на бегалските проблеми. Одобрувањето на азил е благороден, мирен и правен акт, отколку непријателски гест и, домицилната земја на бегалецот мора да го сфати ова како таков;

Секоја држава во било кое време може да пристапи кон Конвенцијата преку депонирање на т.н. „инструмент за пристап“[66] кај Генералниот Секретар на Обединетите Нации.[67] Самиот „инструмент за пристап“ мора да биде потпишан од претседателот на државата, премиерот или пак соодветниот министер за надворешни работи на државата засегната со поднесокот. Вака потпишан, инструментот се доставува најчесто преку Амбасадорот на државата во

[66] Анг.- instrument of accession.

[67] Раоводител на Секретаријатот на Обединетите Нации. Функционира како гласноговорник и предводник на Обединетите Нации. Тековен, 8ми по ред Секретар е Бан Ки-мун од Јужна КОреа. Неговиот мадат започна на 1.1. 2007 година.

Обединетите Нации, кој ја трансмитира до Седиштето на Организацијата на Обединетите Нации во Њујорк. Урнекот на „инструментот за пристап" е лесно достапен и всушност, претставува прв анекс на самата Конвенција.

Кога државата пристапува кон Конвенцијата, мора да се определи за една од двете опции која таа ги нуди: алтернативата (а)[68] или пак алтернативата (б)[69] на членот 1(Б). Скоро секоја од државите – членки на Обединетите Нации ја имаат прифатено поширокатa алтернатива, односно алтернативата (б), дури и оние кои претходно не ја избрале оваа алтернатива, подоцна формално се изјасниле за нејзиниот избор. Државите кои сакаат да пристапат кон Протоколот за статус на бегалци од 1967 година мораат да следат слични процедури како и во случајот на пристапување кон Конвенцијата. Пристапувањето кон Протоколот ја обврзува пристапувачката држава да ги примени одредбите на Конвенцијата без какво било временско или географско ограничување, освен ако државата не се изјаснала за определба на варијантата (а) на членот 1(Б), на Конвенцијата. [70]

Примерот за тоа како треба да изгледа една апликација за пристапување кон Протоколот од 1967 година, е сместен во анекс 2 од Протоколот. Важно е да се спомене дека една држава може истовремено да пристапи и кон Конвенцијата и кон Протоколот. Сепак, државата мора формално да се изјасни во врска со географското прашање содржано во Конвенцијата.[71]

### 3. Меѓународна организација за миграција

Меѓународната организација за миграција е тело кое почнало со својата работа во 1951 година, и најпрвин почнала да дејствува во обпаста на европските миграции, за подоцна, дејствувајќи кон различни региони во светот, да го прошири своето дејствување насекаде во светот. Целта на Организацијата е утврдена уште во чл. 1 од нејзиниот Устав. Таа опфаќа давање помош на сите личности кои ја

[68] Важи единствено за бегалците од Европа;
[69] Поопширно важење именувано како: Бегалците од Европа и останатите места.
[70] THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL;
[71] THE 1951 CONVENTION relating to the Status of refugees and its 1967 PROTOCOL;

напуштаа својата земја во потрага за вработување[72] или пак за сигурност[73]. Исто така, Организацијата обезбедува помош и за раселениците. Таа обезбедува помош не само во поглед на осигурување на основните потреби, туку и обезбедува помош околу сместување, здравствени услуги, помош во надминување на јазична бариера, како и надградба на социјалните вештини со цел за полесно вклопување во тековната општествена средина.

Помеѓу задачите на Организацијата е и заштитата и осигурувањето на човековите права, загарантирани со општите документи како Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓинародниот пак за социјални, културни и економски права, како и со одредени посебни документи, како што се Конвенцијата за правата на миграциони работници, Конвенцијата за статус на бегалци и сл. Како таква, таа обезбедува и помош при доброволното враќање во матичната земја на мигрантите, како и во олеснување на постапката за репатријација на бегалците.[74] Остварувањето на своите функции, Организацијата го врши преку три главни тела: Собрание, Извршен одбор и Секретаријат. Значајно, исто така, се потпира и на соработката со други земји, првенствено на своите членки[75], но и на соработката со меѓународни владини и невладини организации. [76] Организацијата за миграција не познава правно – формален механизам за индивидуални претставки поврзани со повреда на правата на бегалците, како ни на другите индивидуи вклучени во миграциите. Меѓутоа, не постои никаква пречка за неформални контакти со Организацијата поради укажување на послебни проблеми со кои се соочуваат мигрантите, а кои влегуваат во нејзиниот делокруг. И покрај непостоењето на одреден формален надзорен механизам над почитувањето на правата на мигрантите во рамките на Организацијата, без сомнеж постои можност за дипломатско и политичко влијание врз одредени држави, во прв план врз држави – членки.[77] Ова влијание се сведува врз Уставот на самата Организација, кој овозможува суспензија на правата од

[72] Познати како миграциски работници;
[73] Познати како бегалци;
[74] Davorin Lapas, Međunarodnopravna zaštita izbjeglica, Zagreb 2008.
[75]162 земји – членки и 9 земји – набљудувачи, до ден денес.
[76] Davorin Lapas, Međunarodnopravna zaštita izbjeglica, Zagreb 2008, стр. 75
[77] Davorin Lapas, стр. 75.

членувањето на одредена држава, како дисциплинска мерка, доколку се воспостави дека одредена држава – членка упорно ги крши начелата на Уставот.[78]

### 4. Меѓународни невладини организации

Меѓународните невладини организации се дефинираат како такви преку членството и начинот на финансирање и дејствување. Имено, меѓународната категорија го дефинира членството на организацијата, како и невладиноста како подкатегорија на членство, каде се надоврзува и самата непрофитност која се отсликува низ целите и дејствата кои самата организација го превзема.

Најсилна активност на ваквите организации несомнено е заштитата на човековите права. Настанокот на првите невладини организации, често пати се поврзува со настанувањето на невладини организации од делокругот на заштитата на човековите права. Во модерното општество на брзи транзициони движења, невладините организации стануваат силна точка на притисок врз владините администрации ширум светот, дејствувајќи како баланс на општественото мислење**.**

Невладините организации за заштита на човековите права, најчесто, влијаат во разоткривање на повреди врз човековите права од страна на определени државни дејствувања. Ваквата улога ја имплементираат преку едукација за човековите права, аналитички операции и собирање на податоци во врска со повреда на правата, како и посета на односната држава во облик на набљудувачки и истражувачки мисии. Улогата на меѓународните невладини организации во однос на заштитата на бегалците ширум светот, е од неизмерно значење за меѓународната заедница во целина. Од меѓуинституционалните соработки кои овие организации ги имаат, најважна е да се спомене соработката со УНХЦР. Оваа соработка не се основа само на чиста материјална помош која тие ја добиваат, туку и во примената на општите и посебните програми кои ги развива УНХЦР. Исто така, меѓународните невладини организации превземаат и

[78] За Уставот на МОМ погледнете: http://www.iom.int/jahia/webdav/site/myjahiasite/shared/shared/ mainsite/ about_iom/iom_constitution_eng_booklet.pdf.

одредени самостојни активности од областа на заштита на правата на бегалците. Пред сè, тие се ангажираат во свртување на вниманието на јавноста кон проблемот со бегалците и диреткно интервенираат во случаи со засегнати лица кои се бегалци надвор од мандатот на УНХЦР. Значајна улога имаат и во активирањето на меѓународната заедница во случаи кога односната држава не сака интернационализација на нејзиниот проблем со бегалците, или пак со раселените лица.[79]

Дејствувањето на меѓународните невладини организации за заштита на бегалците, ултимативно се насочува кон превенција и целосно искоренување на самиот проблем со појава на бегалци и на факторите кои влијаат на тоа.

### 4.1. Меѓународен Црвен Крст

Една од најважните невладини организации во современото општество, кои делуваат на полето на хуманитарното право, несомнено е Меѓународниот Црвен Крст. Како таква организација Црвениот Крст е водилка на останатите организации ов овој тип, во однос на заштитата и давањето помош на бегалци и раселени лица. Најчесто делува во ситуации на вооружени конфликти, што често пати е и причина за појава на бегалци од широки размери. Мегаломската структура на оваа меѓународна невладина организација е составена, од една страна, од Меѓународниот одбор на Црвениот Крст[80], што претставува своевидно јадро на самата организација, кое членство е ограничено само на државјани на Швајцарија (поради што претставува национална невладина организација). Од другата страна на структурниот столб се појавува Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина[81], која пак по својата поставеност е класична меѓународна невладина организација која се раководи по сопствениот Статут Според овој Статут, секој од составните делови на Меѓународниот Црвен Крст ја задржува својата независност за рамноправно

[79] Davorin Laras, стр. 87.
[80] ICRC.
[81] International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies.

учествување, заедно со државите – потписнички на Женевската конвенција за подобрување на судбината на ранетите и болните војници во војна[82], или пак на Женевската конвенција за заштита на жртвите од војна[83], на Меѓународната конференција на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина, како највисоко тело на Меѓународниот Црвен Крст.[84]

Меѓународниот Црвен Крст, поточно Меѓународниот Одбор на Црвениот Крст, во вршењето на своите функции за заштита на бегалците, претпочита да присуствува во случаи на оружен конфликт, како и директно на територијата на државата – приматeл на бегалците. Ова е со цел за обезбедување и давање непосредна помош на оние кои таа најмногу ѝ е потребна. Целокупното дејствување на Црвениот Крст се базира врз принципите на непристрасност и немешање во вооружениот конфликт на било каков начин, освен во давањето помош на секоја личност на која таа ѝ е потребна, без присуство на елементи за било каква дискриминација. Давањето помош се проширува не само на бегалците, туку и на сите ранети и болни, без разлика на тоа на која страна од конфликтот припаѓаат. Активностите на Црвениот Крст примарно се насочени кон давање на соодветна медицинска помош на бегалците, но се преплетуваат со општото мнение за спречување на било какви облици на сиромаштија. Давањето на хуманитарна помош за остварување на оваа цел, е олицетворение на целокупниот ангажман на оваа организација. Несомнено, овие активности подразбираат и обезбедување на засолниште за бегалците и обезбедување на основни услови за живот, вклучувајќи ги тука и основната здравствена помош, обезбедување на храна и вода, како и неопходно сместување со основни хигиенски услови.

[82] Донесена на 27 Јули 1929 година.

[83] Донесена на 12 Август 1949 година, вклучувајќи ги тука и нејзините Протоколи од 8 Јуни 1977 година.

[84] Види: Statutes of the International Red Cross and Red Crescent Movement, adopted by the 25th International Conference of the Red Cross at Geneva in October 1986, во:Handbook of the International Red Cross and Red Crescent Movement, Geneva, International Committee of the Red Cross, International Federation of the Red Cross and Red Crescent Societies, 1994, стр. 425, (417–432). Полседна измена на Статутот, усвоена на 29. Заседание на  Меѓународната конференција на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина, одржана во Женева 2006 година.

Покрај активната улога на Црвениот Крст во обезбедувањето на општите услови за заштита на бегалците, значајна е и пасивната улога која оваа организација ја има во меѓународната заедница. Имено, таа врши и надзор врз засегнатите страни, а воопшто и на современите државни уредувања за имплементацијата на правата и обврските кои произлегуваат од меѓународните документи кои ги гарантираат истите, а се во врска со уредувањето на статусот на бегалците.

Во оваа смисла, набљудувањето и надзорот се подразбира од самото напуштање на бегалците на својата матична држава, тековното движење, па се до пристигнувањето до државата – домаќин, каде истите ќе бидат згрижени. Посебно внимание низ целиот овој процес се обраќа на ранливите категории лица, децата, жените и повозрасните и немоќни лица.[85]

### 4.2. Amnesty International (Амнести Интернешнл)

Една од најзначајните меѓународни регионални невладини организации, несомнено е и Amnesty International. Со повеќе од 6000 канцеларии во преку 70 земји во светот, оваа организација работи на унапредување и ширење на човековите права, во принцип, на сите континенти во светот. Иако не е постојана, една од најважните особини на оваа организација е и грижата за бегалците ширум светот. Во овој контекст, Amnesty International ги промовира правата на бегалците низ целиот свет, најчесто преку влијание на јавното мислење, но и на владите и меѓународните (невладини) организации. Оваа организација, дејствувајќи на ваков начин, врши надзор на спорведувањето на правата на бегалците и е коректор и насокодавач при секоја (не)намерна повреда на истите. Најчесто ги апострофира кршењето на правата во случаите кога повредата настанала на нивните основни човекови права[86], како и правото на non – refoulment.[87]

[85] Davorin Laras, стр. 87.
[86] Примарно правото на живот, заштита од самоволен притвор, заштита од мачење и сл.
[87] Види: Глава 5, Точка 2, Подточка 1: Права и обврски на бегалците според Конвенцијата и Протоколот.

Amnesty International има силно влијание врз државите во почитувањето на нивните обврски кои произлегуваат од меѓународните договори кои се заштитници на човековите права и правата на бегалците. Исто така, оваа организација силно влијае на односните држави во прифаќањето на одредени надзорни механизми и инстурменти за насочување, поврзани со почитување на споментатите договори.

Сепак, себично е да не се спомене важноста на оваа организација, па и на сите други меѓународни невладини организации чии предмет на интерес се човековите права, правата на бегалците и нивната заштита, во спремањето на самата легислатива на меѓународните договори од ваков тип.[88]

Ова најчесто се остварува преку свртување на вниманието на светската јавност, меѓу другото  и на вниманието на самите држави и меѓународни организации, кон потребата од меѓународноправна уреденост на одредено општествено прашање. Истата или слична методологија Amnesty International користи и при дејствувањето во внатрешноправните поредоци на одредени држави, сѐ со цел за нивно поттикнување кон унапредување на заштитата на човековите права во нивните законодавства, но и за поголема ефикасност на имплементацијата во веќе постоечките прописи.[89]

### 5. Заклучок

Генералната идеја за светски мир била споменувана отсекогаш, но биле потребни две светски војни за нејзина конкретна имплементација. Со формирањето на регионални и глобални мировни организации, организации за поинаква заедничка експанзија од онаа воената, се етаблирале и заедничките законодавени системи и нивното глобално прилагодување. Системот на азил е од големо значење за светската перспектива на заедничко работење, бидејќи главните причинители за појава на мигрантски и азилни кризи се негативните привирања од глобалната корелација на земји. Највисоките светски правни акти, како што е Универзалната декларација за човекови права, го третира азилот како

[88] Davorin Laras, стр. 88.
[89] Види: http://www.amnesty.org/.

соодветен правен инструмент на кој е потребно соодветно правно внимание. Универзалната Декларација, како и другите меѓународни акти кои пропишуваат одредени норми кои уредуваат прашања од областа на заштитата на човековите права, достоинство и добродетели, за главен фокус го имаат човекот како слободно и интелектуално развиено суштество. На глобално ниво, најсоодветно формиран и правно обврзувачки документ несомнено е документот на Обединетите Нации, именуван како Конвенција за статусот на бегалци. Конвенцијата е заштитник на бегалците. Според неа, бегалец е секое лице кое е надвор од границите на својата матична земја, или на постојано живеење. Има основан страв од прогон поради својата религија, раса, припадност кон одредена социјална група или политичко убедување и е немоќно да се спаси од прогонот на таа земја, или пак не сака да се врати во неа, поради страв од прогон. Конвенцијата е лепеза на права и обврски на бегалците, кои треба во голема мера да се почитуваат доколку сакаме да се оствари во пракса замислата на основачите на овој правен акт. Институционалната надградба продолжила преку создавањето на Меѓународната организација за миграција која се грижи за давање помош на сите оние кои ја напуштиле својата држава во потрага за вработување или сигурност. Инспиративноста на духот во кој се создале овие правни акти и организации, го стимулирала и невладиниот сектор, со создавање на значајни хуманитарни организации кои и ден денес, значително го одржуваат хуманитарниот тек на светските настани.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

# ПОЛИТИКА НА АЗИЛ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## 1. Европска политика на азил

Европеизацијата е глобален тренд и процес кој се развива повеќе од 60 години. Темелите и' беа удрени со основачките договори во Рим, а структурата се развива и до ден денес. Денес Европската унија е јадро на политичките струи на европскиот континент. Како таква, Унијата е примамлива дестинација за многу земји од Европа и светот воопшто , нудејќи стабилност, просперитет и еднаквост во развојот на секое поле. Таа е најважна регионална организација на стариот континент. Земјите – членки ги остваруваат индивидуалните и колективните интереси преку соработка и заедничко учество за прашања од најважните теми кои го засегаат модерното општество. Соработка во градењето на заедничка надворешна и безбедносна политика со потврдување на својот политички и правен ентитет на меѓународната сцена, создавање на единствен економски простор без внатрешни граници и јакнење на економската и друштвена кохезија помеѓу државите членки. Соработката е проширена во фундаменталните акти на Европската Унија, кои ја дефинираат онака каква ја познаваме денес, поточно во областа на судството и внатрешните работи како елементи на третиот столб, кои всушност имаат modus operandi во супранационален контекст. Самите политики кои Европската Унија ги генерира, ги опфаќаат сите општествени сфери на граѓанска интеракција. Склучувањето на билатерални и мултилатерални договори кои ги уредуваат некои од тие политики, исто така, се во нејзина надлежност. Почнувајќи од заедничката политика за животна средина, преку заедничкиот економски систем, слободниот пазар, па сè до азилот и миграционата политика, која всушност е цел на мојот труд. Европската Унија дејсвува унитарно во секој сегмент.

Нејзината интегративна политика е модерен пример за мирно спречување на конфликти и нивна превенција. Секоја земја, доколку за цел го земе интегративниот процес, кој нуди благосостојба и економска и политичка еднаквост и стабилнот, го напушта гледиштето на конфликтно решавање на спорови. ЕУ во моментот има 28 држави членки и приближно 504 милиони жители. Доколку е унитарна држава, таа ќе биде седмата најголема држава во светот по површина и трета најголема по население, по Кина и Индија. Функционирајќи на нејзиниот тековен начин, Европската Унија е економски втор најразвиен правен ентитет во светот, веднаш позади Соединетите Американски Држави, кои пак се уште еден пример за добра федерализирана поставеност и поделба меѓу државите – членки. Економската и политичката интеграција кон која се стреми филозофијата на Европската Унија, ги обврзува државите – членки да соработуваат и да донесуваат заеднички одлуки во однос на многу прашања. Заеднички решенија се донесуваат, најчесто, со креирање на заедничка политика во врска со засегнатата област. Дијапазонот на заеднички политики е од најширок размер, вклучувајки земјоделство, култура, потрошувачка, енергетска ефикасност, заштита на животна средина и слично. Сиот фундамент на Европската Унија е базиран врз формирањето заедничка политика за експотација на јагленот и челикот, преку која заедничка политика би се ограничила злоупотребата на овие ресурси, кои воедно се и главните извори во случај на воена и економска надмоќ. Секое градативно надополнување на примарното право на Европската Унија т.е. основачките договори, имплементирало креирање на политики во склад со моменталната потреба од решавање на одредено општествено прашање. Сепак, не е непознато и тоа Европската Унија да креира политики на среден и долг рок.

Моменталната состојба наведува дека е тешко да се зборува за креирање на политики надвор од административниот и политички центар на Европската Унија, Брисел. Административната машинерија која се наоѓа во Брисел е одговорна за креирање на повеќе од 70% од вкупниот број политики на ЕУ, вклучувајќи ги овде и аналитичките и истражувачките дејствија кои претходат на одредена политика. Имплементацијата на самите политики, пак е оставена на државите членки, каде во однос на начинот на имплементација и маргините по кои

се ориентираат истите, зависат од формата во која доаѓаат политиките, односно дали се во вид на регулативи или директиви.

Самата политика на Европската Унија за либерализација на пазарот овозможува слободно движење на работници, стоки и услуги. Базичната основа на слободниот пазар всушност генерира миграции од внатрешен тип, на дневна основа. Но, не секогаш миграционата политика се преплетува со онаа на слободниот пазар. Некогаш движењето на лугето е мотивирано од интерперсонални фактори. Започнувајќи од 1998 година со планот за акција на Комисијата и Советот, политиката на азил започнува да се раздвојува од политиката на миграција. Поимот азил во општа смисла може да се дефинира како прифаќање од страна на државата на пребеганите лица и нивна заштита од акти на гонење, враќање или екстрадиција во државата од која побегнале. Право на азил имаат бегалци, на кои таков статус им е признат со меѓународно право[90], односно сите кои се наоѓаат надвор од сопствената земја и во неа не можат да се вратат поради одреден страв дека таму би можеле да бидат подложени на насилство и протерување. Признавање на таков правен статус се остварува во земји кои потпишале посебни спогодби со Обединетите нации, или од страна на UNHCR[91]. Во тој поглед, политички азил е посебен случај на право на азил, каде станува збор за азил за личности кои се во гореспоменатата состојба поради своите политички идеи.

Европската заедница, својата посветеност кон давањето прибрежиште за бегалците, го издигнува на највисоко ниво. На исто рамниште е и нивната широкоградост кон примањето странци. Повредата на човековите права ја осудуваат најстрого, па поради тоа и дејствувањето кон заштита на лицата кон кои надвисува опасноста од протерување и безправен прогон од страна на матичната земја, е во толкава мера застапено. Почетокот на деведесеттите години на минатиот век, се всушност, почетен период на градењето на Европската Унија онаква каква што ја знаеме денес. Во периодот на донесување на Договорот за Европска Унија и на Договорот за фунционирање на Европската Унија, паралено

---

[90] Член 1 од Женевската конвенција за положба на бегалците, 1951 година

[91] Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР; основана 14 декември , 1950)

се работело на имплементација на регулативи од сите области, како и од областа на азилот и миграциите.

### 2. Правни инструменти на Европската Унија

Концептот на миграциска регулација и управување со азилните норми на начин на кој налага самото општествено случување, овозможува Европската Унија да се дефинира како област на отворени граници и слободно движење. Земјите – членки ги споделуваат истите фундаментални вредности и се со здружени методи кон обезбедување на високите стандарди и процедури во однос на миграцијата, азилната политика и признавањето и обезбедувањето на бегалците. Правото на азил е едно од основните човекови права и одредено е со Универзалната декларација за правата на човекот . Азил може да добие оној поединец кој бил принуден да ја напушти својата земја или кој е принудно избркан од неа. Исто така, азил може да биде даден и на група која во својата земја е изложена на протерување врз основа на верска, расна или политичка основа. Азил не можат да добијат лица за кои постои сомнеж дека направиле злосторство против мирот, воено злосторство или кривични дела против човештвото.

Со Договорот за функционирање на Европската Унија, областа за барање на азил во рамки на целата Заедница, е уредено концизно и недвосмислено. Истиот договор се концентрира кон развој на заедничка политика за азил, супсидијарна заштита и привремена заштита со цел да се понуди соодветен статус на било кој граѓанин од трета земја на кого му е потребна меѓународна заштита и обезбедување усогласеност со принципот на не-протерување. Оваа политика мора да биде во согласност со Женевската конвенција од 28 јули 1951 година и Протоколот од 31 јануари 1967 година во врска со статусот на бегалците како и други релевантни договори.[92] Анализирајќи ги ставовите на одредбите, се забележува дека се насочени кон усвојување на еден униформиран став за азил и

[92] Поглавје 2 од Договорот за функционирање на Европската Унија, Донесен заедно со Договорот за Европската Унија или познат како Договорот од Мастрихт, 1992 година. Истиот ја формира Европската Унија под името кое ни е познато денес, а е целосно имплементиран и надграден во Договорот од Лисабон

супсидијарната заштита, како и воспоставување на критериуми и режими за тоа која земја – членка е одговорна за разгледување на барањето за азил.

Правото на азил во Европската Унија е заштитено и со Повелбата за основни човекови права на Европската Унија[93] Правото на азил се гарантира со должно почитување на правилата од Женевската конвенција од 28 јули 1951 година како и на Протоколот од 31 јануари 1967 година во врска со статусот на бегалците и во согласност со Договорот за основање на Европската заедница.[94]

Сето ова води до заклучок дека овие документи всушност, своите одредби целосно ги повикуваат кон одредбите на  Женевската конвенција од 28 јули 1951 и Протоколот од 31 јануари 1967 година, во однос на овозможувањето на понатамашни стандарди кои одлучуваат за можноста да се обезбедат одредени услови и придобивки на одредена личност, кои произлегуваат од одредбите на азил. Принципот на непротерување е основниот принцип кој е фундамент на одредбите, а кои произлегуваат од самиот закон за азил и бегалци.  Самата Женевска конвенција го содржи принципот на непротерување[95], за кој во теоријата на меѓународното право се смета дека има *jus cogens* статус т.е. е императивна норма. . Без разлика на тоа дали оваа одредба е позната како императивна норма, факт е дека таа претставува принцип кој се споменува и прифаќа како основен стандард за заштита во случаи на лица кои бараат азил. Сите понатамошни бенефиции дадени на азилантот се само додадени на овој основен принцип.[96]

Сите понатамошни бенефиции дадени на азилантот се само додадени на овој основен принцип. Принципот на непротерување наведува дека:[97]

- Ниту една држава договорничка нема да избрка или врати („протера“) бегалец на каков било начин во границите на територии каде неговиот живот или слобода би биле во опасност поради неговата раса, вера,

---

[93] Повелба за основните права на Европската Унија, прокламирана заедно со Договорот од Ница во 2000 г. а правно стапена на сила со стапувањето на сила на Лисабонскиот Договор, Декември 2009 г.
[94] Член 18, Повелба за основните права на Европската Унија;
[95] Член 33, Конвенција за статусот на бегалците;
[96] Мила Исаковска, Магистерски труд: Недостатоците на системот за азил во ЕУ – Човековите права им пркосат на политиките;
[97] Член 33, Конвенција за статусот на бегалците

националност, припадност на одредена социјална група или политичко мислење.

- Бенефициите од оваа одредба, сепак, не може да се бараат од страна на бегалец за кого постојат основани сомневања дека претставува опасност за безбедноста на земјата во која тој претставува опасност за заедницата на таа држава, или ако е осуден со правосилна пресуда за особено сериозен криминал.

Регулацијата на ова прашање за земјите – членки на Европската Унија, изобилува со мноштво изворни документи. Женевската Конвенција како прв и основен документ, кој воедно и сите земји – членки ја имаат потпишано, потоа Договорите за Европската Унија и функционирањето на Европската Унија, како и основните документи кои ги заштитуваат човековите права:

Регулативата 343/2003/ЕЗ на Советот, уште позната и како Даблин II Регулатива (Dublin II Regulation), која всушност ја заменува Даблинската конвенција од 1990 година;

Директивата 2003/9/ЕЗ на Советот за минималните услови за прием на азиланти во сите земји-членки поврзани само со поднесени барања за заштита според Женевската конвенција;

Директивата 2004/83/ЕЗ на Советот за минималните стандарди за квалификација и статус на државјани на трети земји како бегалци, позната како „Директива за азиланти“;

Директивата 2005/85/ЕЗ на Советот за минималните стандарди за доделување и одземање на статус на бегалец;

Регулативата 407/2002 Евродак, кон која се гледа како доврпшување на Даблин II Регулативата за основање на комплементарен систем на база на податоци.

Зборувајќи за Регулативата Евродак, несомнено е важно таа да се дефинира како доврпшување на Даблин II Регулативата за основање на комплементарен систем на база на податоци. Всушност, Регулативата Евродак претставува компјутерска централна база на податоци за целите на споредување на отпечатоци од азиланти и од државјани на трети земји. Причината за воспоставување на оваа регулатива се должи на недостатокот на патни исправи

на азилантите и тоа би требало да помогне во определување на одговорна земја-членка за проверка на барањето за азил.[98]

Евродак, скратеница од Европска Дактилоскопија, всушност е европски систем на отпечатоци од прсти. Преку својата база на податоци врши идентификација на барателите на азил и нелегалните мигранти. На секој апликант за азил и нелегален мигрант, кој е над 14 години, му се зема отисок од прстите, кое земање е легализирано преку комунитарното право на Европската Унија. Дигиталните податоци, пак, се праќаат во централната единица во склоп на Европската Комисија, каде темелно се анализираат и процесираат. Овој дигитален систем на податоци им помага на властите во земјите – членки кои се соочуваат со баратели на азил или пак со нелегална миграција и трансгранично преминување, да утврдат дали одредена индивидуа е барател на азил за прв пат или пак нелегално ги поминала границите на друга земја – членка на Европската Унија. Ревизирачката ЕВРОДАК Регулатива дозволува на државните институции за спроведување на законот и редот, на земјите – членки, пристап до истиот систем за превенција на најлошите форми на криминал. Овде се сместени убиствата, тероризмот и злосторствата против човештвото. Овој напреден систем е единствен од својот вид и е легислативно обработен со Договорот од Ница. Оперативната функционалност е активирана од 15 Јануари 2003 година.

До овој момент, сите 28 земји членки се актвни корисници на Евродак и ги уживаат предностите кои системот ги овозможува. Исто така, приклучени на овој систем се и Исланд, Норвешка и Швајцарија, иако не се држави – членки на Европската Унија.

---

[98] Мила Исаковска, Магистерски труд: Недостатоците на системот за азил во ЕУ – Човековите права им пркосат на политиките.

### 3. Шенгенска спогодба

По завршувањето на Втората светска војна, во меѓународните односи дошло до појава на несогласувања меѓу одредени иделогии, односно до судир меѓу капитализмот и комунизмот, истокот и западот. Во момент на такви околности граѓаните на Европа биле раздвоени одвнатре, преку внатрешните граници и помеѓу нив се наоѓала „железна завеса“. Сепак, економските интереси на државите барале да се најдат поинакви решенија кои би ги намалиле трошоците околку транспортот, би воспоставиле подобри економски односи и со тоа би се зголемил економскиот раст. Сето ова започнало со донесувањето на Договорите од Рим во 1957 година, каде е воспоставено слободното движење на стоки, лица, услуги и капитал. Овие четири слободи се всушност темели на единствениот пазар. Неутрализирањето на препреките и овозможување на лицата слободно да се движат, ќе станат еден од централните делови на стратегијата за воспоставување на единствениот пазар, имплементирана во идејниот документ на Жак Делор.[99] Документот, заедно со неговите предлози и идејни решенија, целосно е вметнат во Единствениот Европски Акт од 1986 година. Со ова процесот на создавање на единствениот пазар станал иницијатор за создавање на Шенгенското подрачје.

Првото подрачје кое наликува на Шенгенското, било создадено во 1958 година, кога бил потпишан договор помеѓу нордиските држави – Данска, Шведска, Норвешка, Финска и Исланд. Именувана како Нордиска пасошка унија.[100], овој договор им овозможувал на граѓаните слободно да патуваат и да живеат во друга држава – членка, без притоа да имаат потреба од пасош или пак од дозвола за престој во истата. Сепак, голем чекор кон укинувањето на внатрешните граници е направен во 1984 година, со договорот потпишан меѓу Сојузна Република Германија и Република Франција. Овој договор е познат под името Сарбрикенски договор. Со него било утврдено постепено укинување на контролните пунктови на

[99] Документот е насловен како „Комплетирање на внатрешниот пазар“. Донесен е во 1985 година, во периодот кога Жак Делор е претседател на Европската Комисија.
[100] Оригинално име: Nordic Passport Union.

границите и примена на принципот на слободно движење на лица. Овој договор се смета за претходник на Шенгенскиот договор.

Наредната година во Шенген, мало гратче во Луксембург, се започнати преговори меѓу Белгија, Франција, Лукесбург, Холандија и Германија, за постепено создавање на простор во кој нема да постојат внатрешни граници. Овие држави, во Јуни 1895 година го потпишале договорот за меѓувладина соработка, познат во историјата како Шенгенски договор. Пет години подоцна, во Јуни 1990 година, земјите - потписнички на овој договор ја потпишале и Конвенцијата за спроведување на Шенгенскиот договор.

Основните цели кои произлегуваат од потпишувањето на оваа Конвенција се:

- укинување на граничните контроли меѓу државите – потписнички;
- воспоставување на заеднички надворешни граници;
- изградба на единствена имиграциона политика;
- усвојување на додатни процедури кои ќе овозможат спроведување на овие цели.

Процедурите подразбираат:

- воспоставуање на механизми за контрола на заедничките надворешни граници;
- воспоставување стандарди за издавање на визи;
- воспоставување на блиска соработка на органите кои се надлежни за контрола на границите.[101]

Процесот на спроведување на Шенгенскиот договор било планирано да започне најпрво во 1990 година, поточно по потпишувањето на Шенгенската конвенција. Меѓутоа, договорот de facto почнал да се применува во 1995 година, по креирањето и активирањето на првиот Шенгенски информационен систем. Во тој период, на Шенгенското подрачје пристапиле и Грција, Италија, Португалија и Шпанија. Воведувањето на Шенгенскиот информационен систем за државите

[101] Се однесува на прекугранична полициска и царинска соработка.

претставувало можност за размена на податоци за превентивно отстранување на ситуациите кои ја загрозуваат внатрешната безбедност на државите.

### 3.1. Шенгенски информационен систем

Шенгенскиот информационен систем претставува сложен систем (база) на податоци кои, на органите за спорведување на законите, им овозможува увид во информаци, како и размена на истите во врска со одредени категории на лица или пак податоци во однос на украдени или изгубени предмети. Базата на податоци на информациониот систем се состои од:

- информации за лицата кои треба да се уапсат или кои треба да се предатат врз основа на потерница или информации за лица за кои се бара екстрадиција;
- информации за државјани на трети држави на кои е забранет влезот или престојувањето во одредена земја – членка на Шенгенскиот простор;
- информации за исчезнати лица;
- информации за лица кои се бараат поради судски процес или за лица кои се повикани на издржување на казна или пак имаат статус на сведоци во кривична постапка;
- информации за лица и предмети кои се под надзор;
- информации за предмети кои можат да бидат запленети или употребени како доказ во истражна постапка.

Пристап до овој информационен систем имаат полициските и граничните контроли, органите кои се надлежни за издавање на визи, царинските и правосудните органи, надлежните органи за издравање на сообраќајни дозволи, какои и ЕВРОПОЛ[102] и ЕВРОЈУСТ.[103]

[102] Агенција за превенција и разузнавање на криминалот на Европската Унија. Формирана на Самитот во Тампере, официјалниот ден на основање е 1 Јули 1999 година.
[103] Европска Агенција за зајакнување на судската соработка.

## 4. Даблин II Регулатива

Даблинската Конвенција, својата проформа ја добила на 15 Јуни 1990 година, кога земјите - членки на Европската Заедница ја потпишале во Даблин со цел за регулација на прашањата кои се случуваат надвор од границите на Заедницата, поточно прашањата поврзани со имиграционите движења и азилот. Сето ова е природна последица на Шенгенскиот договор. Донесувањето на Даблинската Конвенција, првенствено, ги регулирала прашањата во врска со надлежностите и идентификацијата на земјата – членка која е одговорна за разгледувања на барањата за азил поднесени во една од земјите – членки на Европската Заедница. Со неа, сакале да ја постигнат целта за елиминација на повеќекратни апликации и обезбедување на гаранција за тгоа дека секој случај на подносител на барање за азил се разгледува од дадена земја – членка под недвосмислени и објекивни критериуми.

Општиот пристап на оваа Конвенција навлече одредени критики и загриженост, најсилни од Европската Комисија. Токму таа предложи измени со цел за поефикасно и ефективно систематизирање со кое ќе се утврдува определувањето на земјата – членка одговорна за справување со случаите на баратели на азил. Иако Европската Комисија понуди систем на решенија, сомнежот кај одредени земји – членки кон истите, резултирал со тоа Даблинската конвенција да подлегне на минорни измени и модификации, најасни во самиот нејзин облик. Имено, со изменувањето таа ја напушти својата форма на конвенција и ја присвои формата на регулатива. Од тогаш па до ден денес, Даблинската Конвенција го носи името на Даблинска Регулатива, или поточно, бидејќи е видоизменета, именувана е како Даблин II Регулатива. Паралелно на новонастанатата Регулатива е донесена и Регулативата за Евродак, со која воедно е и тесно поврзана. Системот на отпечатоци на прсти на Евродак всушност ја надополнува и олеснува работата која произлегува од начелата пропишанио во Даблин II Регулативата во однос на тоа дека на лесен начин се доаѓа до податоци и се утврдува во која земја – членка лицето кое бара азил првично се појавило.

Дизајнот на оваа Регулатива и начинот на нејзино формирање, покренал низа прашања за дискусија по најразлични основи. Третманот на азилантите и ситуациите на барателите на азил во моментот на пристигање на територија на определена земја – членка на Унијата, е главната алка во одржувањето на премисата за еднаквост и заштита од нееднаков третман. Почитувањето на минималните принципи и стандарди поставени со Самитот од Тампере, се клучна детерминанта во одржувањето во живот на самиот Европски систем за азил. Човековите права се најфрагилна категорија во корелациите кои настануваат при дејствувањето во рамките на азилот и бегалците. Токму поради тоа, со самото создавање на Даблин II Регулативата, истиот документ е на мета на расправи за прекршување и несоодветно почитување на човековите права при примена на начелата од Даблин. Мнозинството на случаи го дефинираат проблемот во основната обврска на секоја земја – членка да го депортира мигранот до првата земја – членка во која влегол на територија на Европската Унија. Имено, мигрантите се противат со ова решенија на Даблин II Регулативата, најмногу порати нивните тврдења за прекршување на нивните човекови права и понижувачко однесување, токму во земјите – членки во кои тие првин пристигнале.

Паралелно важна опција која ја нуди Даблин II Регулативата е клаузулата на суверенитет. Всушност, оваа клаузула, која се искористува на волја на дадена земја – членка, нуди алтернатива на строгото правило за депортирање на одреден мигрант на територијата на земјата – членка која е прва на влез. Клаузулата за суверенитет дава можност за отстапување од примарна обврска да се провери барањето за азил од страна на државата на првиот влез, каде што секоја земја - членка може да провери барање за азил поднесено од страна на државјанин на трета земја, дури и ако таквата проверка не е нејзина одговорност според критериумите утврдени во оваа Регулатива. Во таков случај, таа земја-членка ќе стане одговорна земја-членка во рамките на значењето на оваа Регулатива и ќе ги преземе обврските поврзани со таа одговорност.[104]

[104] Чл. 3 ст.2, Даблин II Регулатива

## 5. Фронтекс (FRONTEX)

Веднаш по вметнувањето на шенгенските правила во комунитарното право на Европската Унија, еден од приоритетите на државите – членки бил и воспоставување на ефикасен механизам за контрола на заедничките надворешни граници. Напорите за продлабочување на соработката во однос на управувањето со границите се направени уште во 1999 година, за време на самитот во Тампере, во Финска.[105] На самитите во Ница и Лакен акцентирана е важноста од ефикасна контрола на границите. Последиците од настаните во Соединетите Американски Држави од 11-ти Септември 2001 година[106], сепак, ја убрзале соработката. Овие настани им покажале на клучните политички актери дека подобрата и поефикасна контрола на заедничките надворешни граници, може да помогне во сузбивањето на терористичките движења и криминалните групи, како и маргинализација на илегалните миграции.

На самитот во Севилја, одржан во Мај 2002 година, изнесена е идеја за формирање на посебна агенција за контрола на заедничките надворешни граници на ЕУ. Со уредба на Советот на министри, на 26-ти Октомври 2004 година, формирана е Европската агенција за управување со оперативната соработка на надворешните граници на државите – членки на Европската Унија (FRONTEX). Седиштето на FRONTEX е во Варшава, Полска. Оваа Агенција запонала со своето оперативно работење во 2005 година.

Основната улога на FRONTEX е да ја координира оперативната соработка на државите – членки во управувањето на надворешните граници и да помага во обуката на припадниците на граничните полиции. Освен ова, FRONTEX спроведува анализа на ризик, која се користи во текот на организирањето на заеднички акции.Потоа, ги истражува релативните проблеми во контролата и надзорот на надворешните граници. Една од најважните анализи на оваа

[105] На самитот во Тампере е формулиран и првата програма за соработка во областа на правдата и внатрешните работи, врз основа на кои се формулирани приоритетите за соработка и начините на изградба на Европскиот простор на слобода, безбедност и правда.
[106] Синхронизирани терористички напади на повеќе видни цели во САД, од страна на терористичката група Ал-Каеда.

агенција, несомнено е прокетирањето на зависноста и влијанието на последната економска криза врз миграциските движења, со што ја потврдува својата важност и ефиканост во оперативното работење. Оваа агенција помага на државите – членки во однос на овозможување на техничка и оперативна помош на надворешните граници. Исто така, во тесна соработка е и со агенциите и телата во внатрешноста на ЕУ, кои се одговорни за внатрешна безбедност. Несомнена е соработката и со ЕВРОПОЛ, со европскиот полициски факултет (CEPOL) и со Европската агенција за борба против измама (OLAF).

## 6. Европските земји и бегалската криза

Во поглед на справување со тековната бегласка криза и зголемениот бран бегалци кои секојдневно пристигнуваат на бреговите на европскиот континент, европските земји се во алармантна состојба, во каква всушност е и глобалниот свет. Европските земји, секојдневно се залагаат за зголемување на хуманитарната помош и искоренување на настанатиот проблем во регионите на Северна Африка и Блискиот Исток, сѐ со цел за намалување на бројот, а во крајна мера и постојан прекин на наливот бегалци на границите на Европа. Досегашните пристигнувања на белаците проектираат хипотетичка ситуација дека до крајот на 2016 година околу 1 милион бегалци ќе пробат да влезат во Европа преку Источно – медитеранската и Западно – балканската рута. Бегалското движење е предмет на калкулација и предвидување, со оглед на тоа што зависи од премногу фактори за темелно утврдување. Предвидувањата дефинираат зголемено придвижување на бегалци кон Европа преку Турција, каде се создава најголемиот бегалски камп со преку 3 милиони бегалци, во транзит и во престој. Кон крајот на 2015 година Европската Унија и Турција го склучија еден од најважните договори за надминување на тековната бегалска криза, и ослободување на товарот кој се создаде на Медитеранската рута и грчките острови. Договорот ѝ донесе на Турција 3 милијарди евра од Европската Унија за подобрување на условите за

Сиријските бегалци кои се во Турција, како и создравње консензус меѓу двете страни за:

- Создавање на безбедносен систем за превенција кој нема да дозволи прилив на бегалци кој европските земји, бидејќи Турција ќе обезбеди доволни услови за бегалците да останат во труските прифатни центри,
- Создавање на оптимални услови за непрекината примена на одредбите утврдени со билатералниот договор,
- Обезбедување на брзо враќање на бегалците кои немаат потреба од меѓународна заштита, во своите родни земји.

Се смета дека овој договор ќе овозможи зајаната соработка меѓу турските власти и институциите на ЕУ, со цел за зацврстување на заштитните механизми на инфраструктурата, како и планирање на клучни сектори за овозможување на социјална и економска инклузија на ранливите категории во Турција. Во принцип, начинот на финасирање е нерешено прашање за јавноста, поради тоа што турскиот претседател Ердоган смета дека Европската Унија треба да исплати финансиски средства во висина на договорениот износ, додека Еврпоската Унија смета дека вредноста е договорена за исплаќање на комбиниран начин: преку проекти, пакети помош, како и унапредување на институционалната рамка на Турција и нејзино усогласување со комунитарното право[107].

Реалната слика во Турција е дека таа е главна точка на транзит меѓу азиските земји и Европа, па според ова бројот на пристигнувања во прифатните центри во 2016 година не е намален, што е и за очекување според моменталната состојба во регионите – генератори на бегалци. Повеќе од 200.000 бегалци се прифатени на водените и копнени граници на Турција, како и спасени на отворено море. Сите овие се луѓе со спрецифични потреби: деца кои ги бараат своите родители, луѓе кои сакаат да бидат споени со своите семејства. Сите тие имаат потреба и од медицинска помош, храна, топли алишта, сместување. За вакви потреби се бара и беспрекорна организираност. Предвидувањата покажуваат дека до крајот на 2016 година на турската гранична линија ќе има над 1 милион

[107] acquis communautaire – Целокупното законодавство на Европската Унија.

белгаци, главно од Сирија, Авганистан и Ирак. Безизлезната состојба во своите матични земји ги тера на секакви мерки, сè со цел за напуштање на воените жаришта. Затоа, бегалците се честа мета на шверцери и измамници кои им бараат значителни финансиски средства за нивен транспорт до сигурни територии. Најголемата потреба е обезбедување и на информации, кои едукативно ќе влијаат на бегалците за тоа кои се нивните права и обврски во безбедните држави, како сигурно да дојдат до прифатните земји, како и ефикасно почитување на политичкиот и правниот систем во истите. Амплитудата на бегалскиот бран проектира хипотези кои тврдат дека повеќе од 3 милиони бегалци ќе бидат активно сместени во бегалските кампови ширум Турција и на кои ќе им биде потребна активна хуманитарна помош на сите нивоа. Токму затоа, реакциониот план на Турција во однос справувањето со бегалската криза опфаќа, најпрво, превземање на стратегиска адвокатура на национално и интернационално ниво, подржана од нејзините парнтери, во однос на сите проблеми поврзани со безбеден и ефективен пристап до сите процедури и решенија за азил. Потоа, потребна е ефективна подршка на сите институции кои директно ќе бидат засегнати од азилниот бран, која се изразува во техничка и материјална помош, со што би се зајакнале заштитните ситеми на баратели на азил и лица под супсидијарна заштита. Од есенцијално значење е и зајакнувањето на психолошката и медицинска помош која се пружа на барателите на азил, со цел за ефективна психо – евалуација и точна медицинска проверка. Сето ова ќе се овозможи преку олеснет пристап до мобилните медицински центри, кои се распространети низ бегалските кампови и потенцијалните точки на засегнатост од бегалската криза. Турција, заедно со своите партнери, се грижи за зголемување на капацитетност на прифатните центри, како и зголемување на првата помош и заптита која ја добиваат бегалците на отворено море, кои по тој пат решиле да стигнат до граничните линии на Турција. [108]

Меѓународната организација за миграција проценува дека некаде околу 31.000 мигранти пристигнале во Грција преку море во 2016 година, надевајќи се за

[108] Regional refugee and migrant response plan for Europe: Eastern Mediterranean and Western Balkans route, UNHCR, str. 20-30

нов живот во Германија, Скандинавските земји или некоја друга земја од Европската Унија. Со ова, бројот на бегалци кои навлегле на територијата на Европа надминува 1 милион, со што оваа бегалска криза станува најголема по Втората светска војна. Од 2014 година, кога започна доаѓањето на бегалците на грчките острово, па до ден денес, Грција доживеа повеќе статуси во однос на таргетирањето на бегалците. Имено, таа во 2014 година започна како умерено посетувана земја од страна на бегалците, за до март 2016 година[109] да биде држава – најмногу погодена од мигрантскиот бран. Таа е опфатена од Источно – медитеранската рута и од Западно – балканската рута, поради што го превзема приматот од Италија како земја која бегалците ја сметаа за најпогодна за влез во Европа. Големиот број острови кои се под територијален суверенитет на Грција, го олеснуваат пристапот за илегален влез, а ја отежнуваат работата на грчките власти.

Грција, како држава опкружена од три страни со вода, со безброј острови лесни за пристап и транзит на мигранти, е една од најважните земји на Медитеранот во однос на справување со бегалската криза. Само шест километри од границата со Турција се оддалечени островите Киос, Лезбос, Лерос, Агатониси, Фармакониси, Родос, Самос и др, што ја прави лесно достапна за бегалците од Средниот и Блиски Исток.[110] Грција е држава која беше една од најпогодените држави во Европа од последната економска криза, што резултираше со немоќ за овозможување финансиски средства потребни за институционална надградба и кадровски капацитети, потребни за издржување на бранот бегалци, чија интезивност започна  летото 2015 година. Единствената помош обезбедена од страна на Грција беше транспортот на бегалците од влезните точки на нејзината територија, до околината на Атина, па од таму сè до транзитниот камп на границата со Република Македонија, Евзони. Евиденцијата, исто така, беше на незавидно ниво, честопати издавајќи им само контролни идентификациони документи на бегалците, без притоа да се врши скенирање на отпечатоци, идентификациона проверка на идентитетот во согласност со приложените

---

[109] Периодот на стапување на сила на договорот меѓу Труција и ЕУ.

[110] Yeginsu, Ceylan, (16 August 2015), Amid Perilous Mediterranean Crossings, Migrants Find a Relatively Easy Path to Greece, The New York Times, Превземено на 1.10.2016

документи и сл. Исто така, Европската Унија ја обвини Грција за непочитување на Шенгенската спогодба за спроведување на надворешна гранична контрола, давајќи и тримесечен период за поправка на непочитувањето. Во спротивно, другите земји од Европската Унија ќе имаат за право на спорведување на гранична контрола во Грција во период до две години, за разлика од вообичаените шест месеци.[111] Сето ова доведе до некотролираност на влезот на бегалците на европско тло, притоа создавајќи им проблеми во контролата и проверката на другите држави на балканската рута. Грција повеќе пати јасно кажа дека нема капацитети за справување со економската криза и дека ѝ е потребна итна финансиска и кадровска помош од западно европските земји, со цел за справување со кризата. Европската Унија, преку механизмите за солидарност, на различни начини се обидуваше да даде помош, финасиска и кадровска, за земјите засегнати од балканската рута. Почетокот на 2015 година, ЕУ инјектираше над 350 милиона евра во Грција за справување со бегалската криза. Овие пари беа наменети и распоредени ппо државни институции, армијата, европската кацеларија за барање азил, службата за бегалци и сл. До Ноември 2015 година. Сите бегалци кои пристигнале и биле регистрирани во Грција, им беше дозволувано да преминат на територијата на Република Македонија, создавајќи неконтролираност на протокот на бегалци и нивно распространување низ европските земји. Затварањето на границата од страна на Република Македонија во Март 2016 година, резултираше со заглавеност на над 12.000 бегалци во Идомени. Токму затоа, Договорот меѓу ЕУ и Турција, споменат погоре, требаше да биде најдоброто решение досега донесено, во однос на справување со бегалската криза. Бегалците од северната граница на Грција се вратија назад во бегалските кампови околу Атина, а подоцна требаше бегалците кои веќе се во овие кампови, како и во камповите на грчките острови, да се транспортираат во големите бегалски кампови во Турција. Ваквото решение е со цел за воспоставување контрола на текот на бегалската криза и приливот на бегаци на европската територија. Меѓутоа, првите шест месеци од имплементација на овој договор, во однос на состојбите во Грција, покажуваат голема бавност во постапката за

[111] Migrant crisis: EU threatens Greece over border controls, BBC News ; 27 January 2016

признавање право на азил, иако во досегашниот дел на 2016 година, Грција има добиено над 700 милиони евра од европските фондови, кои средства се дел и за надградба на институционалната рамка.Самиот договор предвиде забрзување на постапката и преку испраќање на експерти за миграциона политика, бидејќи грчките институционални капацитети не се доволно опремени за справување со огромен број барања кои се поднесуваат дневно. Исто така, мал дел од 150.000 бегалци кои во моментот на потпишување на договорот беа на грчка територија, се пренесени во камповите во Грција. Лошите услови во пренатрупаните кампови на грчките острове и понатаму создаваат загриженост кај институциите на Европската Унија, за целосната имплементација на постигнатиот договор. Иако, договорот почнува да дава резултати, посочените недостатоци, како и недоволната волја за брза имплементација на одредени одредби од договорот, од страна на страните – потписнички, може да го доведе овој надежен договор во колапс.

Унгарија е главната бариера меѓу земјите од Европската Унија и балканската рута, последната „земја – пречка“ за мигрантите да стигнат до посакуваните земји на Западна Европа. Како коенциденција на ова, унгарските власти сериозно и ригидно ја сфатија „опасноста“ од бегалскиот налив во Европа.

Таа уште од самиот почеток на бегалската криза, јасно даде до знаење на европската и светската јавност дека нема да ги пречека со раширени раце бегалците кои доаѓаат на нејзините граници, во прв план спречувајќи ги тие да навлезат на нејзина територија од Србија, која не е земја – членка на ЕУ и на Шенгенската зона. Со ова, унгарските власти велеа дека ги штитат интересите на ЕУ и дека во целост ги почитуваат одредбите од Шенгенскиот договор. Нелегалната имиграција на бегалците токму од територијата на Србија, ја ескалираа ситуацијата до таа мера – Унгарија да започне со изградба на 4 метри висока, а 175 километри долга ограда, долж јужната граница со Србија. Сето ова беше критикувано од Европските институции, притоа потенцирајќи им на сите земји – членки на ЕУ дека треба да се најде поблаг и похуман начин за справување со нелегалната имиграција. Важно е процесот на справување да биде во рамките на меѓународното хуманитарно право и да се води по начелата на

солидарност и хуманост. Меѓутоа, Унгарија сметаше дека главни виновници за преголемиот бран бегалци се и охрабрувачките говори на одредени лидери на земји – членки на ЕУ, особено на Германија и Австрија, кои велеа дека бегалците ќе бидат добредојдени на европска териотрија, без притоа било каква консултација со останатите земји – членки. Во 2015 година е и најголемиот проблем кој Унгарија го доживеа на нејзина територија, а директно е поврзан со бегалската криза. Имено, инцидентот на железничката станица во Будимпешта, каде илегалните имигранти, одбиваа да го напуштат возот кој требаше да ги однесе до границата на Австрија, бидејќи унгарските власти сакаа тие да бидат префрлени во регистрирачки кампови близу Будимпешта. Меѓутоа, сето ова беше решено откако властите во Унгарија дозволија имигрантите да бидат пренесени до границата со организирани автобуси.[112]

Унгарија до ден денес ја имплементира својата политика на строгост во постапувањето со бегалската криза. Таа стационираше повеќе од 1500 војници долж границата со Србија, како и копнениот дел[113] на границата со Хрватска, сѐ до започнувањето на имплементацијата на договорот ЕУ – Турција, кој резултураше со целосно затварање на балканската рута.[114] Главниот проблем во Унгарија е тоа што бегалците не сакаат да бидат регистрирани таму, сметаат дека треба да им биде овозможен транзит до Германија, Австрија, Шведска[115] и дел од другите земји – членки на ЕУ, каде тие сакаат да поднесат барање за призанвање право на азил. Сето ова е против законодавството на ЕУ и Шенгенскиот договор, па, од тука, унгарските власти ја црпат легитимноста на своето однесување. Во моментот, Европската Унија бара начини за целосен излез од бегалската криза. Компромисот во поглед на конкретни решенија сѐ уште не е постигнат, но до крајот на 2016 година се очекуваат одредени солуции кои би ја придвижиле ситуацијата со кризата кон нејзиниот крај. Доналд Туск, Претседателот на Европскиот Совет смета дека се потребни конкретни решенија по мирен пат, не

[112] Chaos as police stop Hungary migrant train, BBC News, 3 September 2015. Превземено на 15.10.2016 http://www.bbc.com
[113] Не е вклучен делот на границата кој го формира реката Драва.
[114] Breaking News: Hungary declares state of emergency as migrant crisis turns unpredictable, Hugary today, 9.3.2016 Превземено на 16.10.2016 http://hungarytoday.hu
[115] Земји со најголем број апликации за азил од сите земји – членки на ЕУ.

присилни мерки, кои само ќе ја влошат ситуацијата. Прифаќањето миграциски квоти, на секоја од земјите – членки на ЕУ е решение кое сеуште не е прифатено од засегнатите страни. Компромисот е неопходен, затоа е потреба солидарност кон наоѓање прифатливи решенија.[116] Бегалската криза во Европа е неопсредно зависна од конфликтот во Ирак и Сирија, токму затоа ЕУ мора да најде решение и на надворешен план, преку наоѓање решенија за разрешница на катализаторот на бегалската криза, а не само на de facto бегалската криза.

### 7. Заклучок

Европската Унија е најважната регионална организација на Европа. Како правен ентитет, таа е заштитничка на комунитарното право и е правна, економска и културна водилка на сите европски земји. Како дел од европската легислатива, несомнено е вклучена и заедничката миграциона и политика на азил, притоа формирајќи клучни мерки за нивна прокламација и надградба. Има високо развиени системи на проверка и спогодби кои се цел на постојано дополнување, сѐ со цел за одржување на висока стапка на правна ефикасност. Главната проверка на надворешните граници на ЕУ ја врши Фронтекс, која ја координира оперативната соработка на државите – членки во управувањето на надворешните граници и да помага во обуката на припадниците на граничните полиции. Европската Унија е примамлив субјект и поради непреченото движење во внатрешноста на нејзините граници, амбициозна реалност прв пат формирана преку Шенгенската спогодба, која како цел ја имала економската и социјалната експанзија преку ослободување на фактичките бариери кои ја спречувале истата. Кохерентноста на земјите – членки на ЕУ беше силно тестирана со последната бегалска криза. Несогласувањата кон донесените одлуки на европското раководство, разлабавени преку спротивставени мислења на одделни држави, ја доведоа Европската Унија во незавидна ситуација. Момент кој бараше цврста одлучност и унитарно решение за справување со бегалската криза, која сеуште не е целосно завршена.

---

[116] Туск и Европа имаат решение за бегалската криза, 20 Октомври 2016, Превземено на 20 Октомври 2016 http://faktor.mk/

# ПЕТТА ГЛАВА

# ПОЛИТИКА НА АЗИЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

## 1. Висок комесаријат за бегалци на ООН – UNHCR

Високиот комесаријат на Организацијата на Обединетите Нации за бегалци[117], поточно неговата канцеларија[118], попознат преку неговиот интернационален акроним – УНХЦР, е основан во 1950 година од страна на Генералното Собрание на Обединетите Нации, како привремено тело за заштита на бегалците[119]. Но, поради растечкиот број на бегалци, мандатот на Канцеларијата постојано се продолжува. Изборот на Високиот комесар го прави Генералното Собрание на предлог на Генералниот секретар на Обединетите Нации, по правило на период од 5 години. Во неговото работење освен вработените во Канцеларијата, помага и неговиот Извршен одбор. Седиштето на УНХЦР е во Женева, Швајцарија. Важноста на УНХЦР во модерниот свет е потврдена два пати, преку двете добиени Нобелови награди за мир.[120]

Активен Висок комесар за бегалци во моментов е Филипо Гранди, италијаснки дипломат посебно активен во областа на заштитата на човековите права. На 11ти Ноември 2015 година, Генералниот секретар на Обединетите Нации, Бан Ки – Мун, ја најави неговата намера за назначување на Филипо Гранди за Висок комесар за бегалци. Неговиот статус е активен од 1ви Јануари 2016 година.

[117] United Nations High Commissioner for Refugees – UNHCR.
[118] Office of the United Nations High Commissioner for Refugees.
[119] Види Резолуција на Генералното Собрание A/RES./428(V) од 14ти Декември 1950 година.
[120] Во 1954 и 1981 година, соодвенто.

Табела 3 – Листа на Високи комесари на УНХЦР

Table 3 – List of UNHCR High Commissioners

| Бр. | Име на Комесар | Националност | Времетраење на мандат |
|---|---|---|---|
| **1.** | Фридјоф Нансен | Норвешка | 1922 - 1927[121] |
| **2.** | Герит Јан ван Хеувен Годарт | Холандија | 1951 – 1956 |
| **3.** | Август Р. Линдт | Швајцарија | 1956 – 1960 |
| **4.** | Феликс Шнајдер | Швајцарија | 1960 – 1965 |
| **5.** | Садрудин Ага Кан | Иран | 1965 – 1977 |
| **6.** | Пол Хартлинг | Данска | 1978 – 1985 |
| **7.** | Жан – Пјер Хоцке | Швајцарија | 1986 – 1989 |
| **8.** | Торвалд Столтенберг | Норвешка | Јан – Ное 1990 |
| **9.** | Садако Огата | Јапонија | 1990 – 2000 |
| **10.** | Руд Лубердс | Холандија | 2001 - 2005[122] |
| **11.** | Венди Чемберлин | САД | Фев – Јун 2005[123] |
| **12.** | Антонио Гутиерес | Португалија | 2005 – 2015 |
| **13.** | Филипо Гранди | Италија | 2016 - |

Дијапазонот на активности и ингеренции на УНХЦР се состои во заштита на бегалците во периодот на траење на околностите кои предизвикале таков статус кај нив, како и по престанокот на тие околности, особено во постапката на нивна репатријација. Во сето ова УНХЦР постапува во рамките на својот Статут[124], кој ги дефинира активностите на УНХЦР како целосно неполитички, хуманитарни, социјални и етички. Високиот комесар во своето работење ги следи инструкциите кои доаѓаат од Генералното Собрание на Обеедниетите Нации, како и од

[121] Мандат во периодот на Лигата на Народите.
[122] Дал оставка поради внатрешна истрага.
[123] Привремен комесар.
[124] За текстот на Статутот види: A/RES./428(V), од 14ти Декември 1950 година.

Економско – социјалниот совет.[125] Неговиот мандат, кој е предвиден во Статутот, првично е врзан со дефиницијата за бегалците, која е содржана во Конвенцијата за статусот на бегалците. Меѓутоа, сѐ почесто Генералното Собрание дава изјави во кои трвди дека при давањето на одредени задачи и насоки на Високиот комесар, се служи со поопштата дефиниција за бегалците, која ги дефинира бегалците и како личности кои биле принудени да го напуштат своето живеалиште поради надворешна агресија, окупација, надворешна доминација или пак настани кои сериозно влијаеле на јавниот поредок и кои поради сето ова бараат прибрежиште надвор од својата држава.[126]

Покрај ова, Генералното Собрание го проверува Високиот комесар во однос на грижата за т.н. „раселени личности“[127], кои не потпаѓаат под заштитата на Конвенцијата[128] бидејќи не кореспондираат со меѓународноправната дефиниција за бегалци. Сетоа ова е поради тоа што тие не ја напуштаат својата држава, туку се присилени да ги напуштат своите домови и да бараат прибрежиште во други делови на матичната држава. Според пресметките на УНХЦР, денес има повеќе од 30 милиони граѓани кои се раселени во границите на својата домицилна држава. Со оглед на тоа дека оваа категорија на бегалци не подлегнуваат под добропознатите начела за меѓународноправна заштита на бегалците, сеуште не постои ниту едно посебно меѓународно тело кое ќе ја превземе грижата за обезбедување нивна меѓународноправна заштита. Токму поради ова, УНХЦР ја превзема и оваа улога, најмногу поради фактот дека последиците кои тие ги доживуваат се значително исти со оние на меѓународно признатите статуси на бегалци. Активностите кои се превземаат од страна на УНХЦР во однос на оваа категорија лица, во прв план се: собирање на помош за нив, обезбедување на нивна заштита, како и попрофесионално и ефикасно реагирање кон проблемите со кои тие се соочуваат.[129] Токму поради ова, во формалноправна смисла е

[125] Gil Loescher, The UNHCR and World Politics — A Perilous Path , Oxford University Press, Oxford, 2001
[126] Член 1, ст.1 од Конвенцијата за посебни видови проблеми на бегалците од Африка, ОН, 1969 година.
[127] Познати како „национални бегалци“.
[128] Конвенција за статус на бегалци од 1951 година.
[129] Davorin Lapas, стр. 73.

воведен поимот „мандаторни бегалци“ од страна на УНХЦР, кој, според својот Статут или пак според налозите кои доаѓаат од генералното собрание, го проширува своето дефинирање на поимот бегалец. Имено, УНХЦР го подразбира поимот бегалец надвор од границите на дефиницијата на Конвенцијата од 1951 година и независно од тоа дали засегната држава е членка на истата или не. Единствено е потребно да е членка на Обединетите Нации, а со тоа и на УНХЦР, што е случај со скоро сите суверени држави во светот. УНХЦР понатаму го шири своето дефинирање и за повратниците во своите матични држави т.е. поранешните бегалци кои веќе не ја уживаат заштитата која ја гарантира Конвенцијата од 1951 г., како и оние лица кои поради настанатите состојби кои го предизвикале нивниот бегаски статус, подоцна останале без државјанство. Овие лица ќе уживаат заштита определена со Конвенцијата за правната положба на лицата без државјанство од 1954 година, како и од Конвенцијата за намалување на случаите без државјанство од 1961 година.[130]

Посебно важна улога во заштитата на бегалците е регулаторната и интерпретативната. УНХЦР во своите акти, па и оние незадолжителните[131] воспоставува одредени посакувани стандарди во остварувањето на заштитата на бегалците и нивните права и обврски, првенствено оние загарантирани со Конвенцијата од 1951 година. Вака поставените стандарди имаат силно влијание во толкувањето и разработката на начелата и принципите кои произлегуваат од правнообврзувачките норми. Несомнено е јасно дека УНХЦР о сите свои активности се залага за развој и напредок на миграционото право, анализирајќи ги притоа сите судски и останати пракси на примена на актите од Конвенцијата во државите – членки, често публикувајќи ги истите.

Сепак, првенствената задача која многумина ја сметаат и за фундаментална на УНХЦР, е олеснување на прифаќањето, грижата и давањето прибрежиште на бегалците кои ги напуштиле матичните држави. Исто така, одговорноста е присутна и за наоѓање на крајно прибрежиште за бегалците за кои, земјата на нивното прво влегување, не е во состојба да обезбеди соодветно

[130] Nikola Sladoje, Ana Bucar, Dr. Amir Pilav, Jovan Sarac, Megjunarodna pravna pomoc, Sarajevo, 2006
[131] Заклучоци, насоки, прирачници и сл.

прибрежиште. Оваа улога на УНХЦР е од особено значење во случаите на масовен прилив на бегалци, каде поради одредени вонредни причини, за кратко времески период, настанува обилен прилив на бегалци кон одреден географски регион или територија.. Меѓутоа, УНХЦР темелно ги анализира теренските состојби во дадена ситуација, притоа настојувајки на солидарна поделба на количеството бегалци во однос на бројот на земји – домаќини. Основањето на своите мисии УНХЦР го врши, во согласност со засегнатите држави, директно на нивна територија, сè со цел за поефикасно и конкретно справување со ситуациите.

Широката лепеза на активности во кои директно или индиректно е вмешана Канцеларијата сè повеќе и повеќе се шири. Директно се вмешува во преговарањата со државите, не само во однос на обезбедување сигурно прибрежиште на бегалците, туку и за обезбедување на ефикасна репатријација. За целиот систем да функционира, потребни се постојани контакти со меѓународните тела, државните врвови и специјалните тела на Обединетите Нации, што всушност УНХЦР постојано го прави. Едни од најважните соработки кои УНХЦР активно ги негува се соработката со Светската програма за храна (WFP), Фондот на Обединетите Нации за заштита на децата (UNICEF), Светската здравствена организација (WHO), Програмата на Обединетите Нации за развој (UNDP), Високиот секретаријат на Обединетите Нации за човекови права (OHCHR), Канцеларијата на Обединетите Нации за координација на хуманитарните работи (OCHA) и Меѓународната организација за миграција (IOM). Еднаква важна е соработката и со регионалните организации, како што се Советот на Европа, Организацијата на американските држави, Афричката Унија и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (OSCE). Невладиниот сектор не е изоставен од работата на УНХЦР, па така активна соработка негуваат Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина (IFRC), но и Меѓународниот одбор на Црвениот крст (ICRC).[132]

[132] Davorin Lapas, стр. 74.

## 2. Комитет за човекови права

Комитетот за човекови права е договорно тело кое е основано со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, сè со цел за почитување на неговите одредби од страна на државите – потписнички на самиот Пакт. Самиот комитет го сочинуваат 18 членови од редовите на земјите – членки кои по нивната селекција за членување во комитетот, дејствуваат во свое име, а не во името на државите од каде доаѓаат.[133] Мандатот на членовите на комитетот трае четири години, со можност за нивен реизбор. Меѓутоа, бројот на активни членови на комитетот од дадена земја – членка е ограничен на еден, односно не може да има повеќе од еден член од соодветна земја – членка. Првенствената функција на комитетот е примањето на периодични извештаи од страна на државите – потписнички во однос на имплементацијата и почитувањето на одредбите на Меѓународниот пакт.[134] Меѓутоа, Меѓународниот пакт предвидува и можност за државата – членка, да делегира надлежност на Комитетот во разгледувањето на нејзината тужба за повреда на одредени одредби од Меѓународниот пакт, од страна на друга држава – членка. Сето ова е можно само доколку надлежноста на Комитетот биде прифатена и од другата засегната држава – членка во дадениот спор.[135] Паралено со прврчниот текст на Меѓународниот пакт, постои и неговиот Факултативен протокол. Овој протокол ја шири гореспоменатата надлежност на Комитетот и врз претставките кои индивидуални лица, најчесто бегалци, ги поднесуваат до ова тело, со цел за разрешница во случаите кога одредени граѓански и политички права, пропишани со Меѓународниот акт, им се повредени од страна на државата – домаќин. Сепак, за ова право да може да се користи, потребно е поединецот претходно да ги исцрпил сите правни средства пропишани во правниот систем на државата која се терети за повреда на неговите права. Ова важи и за негативни пресуди од страна на Уставниот суд, доколку во дадената земја ваков суд фунционира. Доколку Комитетот процени дека постои значителна

---

[133] Чл. 28, Меѓународен пакт за граѓански и политички права, Генерално Собрание на ООН, Резолуција 2200А (XXI), 16 Декември 1966 година, стапил на сила на 23 Март 1976 година.
[134] Чл. 40, Меѓународен пакт за граѓански и политички права.
[135] Чл 41, Меѓународен пакт за граѓански и политички права.

отежнатост за поединецот да добие еднаков пристап до судските органи, како и државјанин на таа иста држава, а сепак е донесена одредена правна пресуда, Комисијата нема да ја цени одлуката која таа пресуда ја донесува. Не постои определен рок во кој тужбата кон Комисијата треба да биде поднесена, но сепак тоа треба да биде во најбрз можен рок по исцрпувањето на сите внатрешноправни средства.[136]

Тужбата кон Комисијата потребно е да биде во пишана форма.[137] Доколку било која изјава е поднесена анонимно, или пак има основани сомненија за нецелосна правна форма и несоодветност со пропишаните одредби на Меѓународниот пакт, Комисијата има право да ја офрли.[138]

Изјавата која се поднесува во однос за дадена тужба, мора да содржи:

- Основни лични податоци на лицето чие право е повредено.[139]
- Име на државата кон која се упатува тужбата.
- Полномошно со кое се овластува правниот застапник, доколку правниот застапник е подносител на изјавата.
- Битни факти, наведени во хронолошки редослед, со кои се објаснува повредата на правата за кои станува збор.
- Докази за исцрпувањето на сите правни средства во дадената држава, вклучувајки ги сите судски и други одлуки поврзани со тој предмет.
- По можност, копии од националните закони кои се релевантни за дадениот случај.

Реториката со која се пишува изјавата, мора да биде ненавредлива и учитива, што е важен фактор во тоа дали таа ќе биде прифатена или не. Одбивањето на изјавата за тужба на подносителот, се проширува и во случаи кога веќе се разгледува истиот случај од страна на друг меѓународен субјект надлежен

---

[136] Davorin Lapas, стр. 77.
[137] Чл.2, Протокол на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.
[138] Чл. 3, Протокол на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.
[139] Име и презиме, државјанство, датум на раѓање. Доколку се работи за осетливи прашања од лична природа, подносителот може да побара од Комисијата да ги заштити неговите лични податоци од јавноста.

да постапува по вакви случаи.[140] Сепак, доколку Комисијата одлучи дека тужбата е допустлива, истата ќе ја достави до засегнатата држава, која во рок до шест месеци мора да достави извештај до Комитетот, во кој дава детално објаснување во форма на писмени списи кои го засегаат споменатиот случај, а во кои може да бидат наведени и превземаните мерки со кои настанатата ситуација се обидува да ја подобри.[141]

Целокупната правна сила на Комитетот е во меродавната оценка за тоа дали соодветната држава ги прекршила обврските кои нејзе ѝ произлегуваат од одредбите на Меѓународниот пакт. Доколку оцената на Комитетот го потенцира токму тоа, тогаш државата ќе биде обврзана да го промени својот однос, односно да ја поправи настанатата штета која произлега од нејзиното противправно дејствие. Во спротивно на ова, државата навлегува во противправно дејствување, со што се соочува со значителни репресивни мерки, кои произлегуваат од самиот Устав на Комитетот. Поаѓајќи од ова, Комитетот може да одреди и привремени мерки во итни, посебни случаи, со кои мерки ќе наложи на засегнатата држава да престане со противправните дејства врз индивидуата – подносител на тужбата, сè додека Комитетот не донесе конечна одлука во врска со тој случај.[142] Не смее да се игнорира фактот дека донесените одлуки од страна на Комитетот ќе имаат важност и за идни настани. Комитетот ќе настојува својата пракса да ја изедначува со одредбите на Меѓународниот пакт, преку што, неговите толкувања ќе бидат јасни и за другите држави – членки, во почитувањето на своите обврски.

### 3. Република Македонија и ООН – Корелација во однос на азил

Република Македонија, како полноправна земја – членка на Организацијата на Обединетите Нации, е во постојана корелација со институциите на самата организација, во врска со најразлични проекти, цели и задачи. Таа е членка од 8

[140] Овде може да стане збор за меѓународни субјекти од типот на: Европскиот суд за човекови права, Одборот против мачење и сл.
[141] Чл.4, Протокол на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права..
[142] Davorin Lapas, стр. 77

Април 1993 година[143]. Воспоставената комуникација на дипломатско ниво и соработката која е со сѐ поголем интензитет, преку активен придонес во сите специјализирани агенции и фондови од системот на ООН, ја легитимира Република Македонија со препознатливост на одговорен член на меѓународната заедница. Во однос на соработката меѓу Република Македонија и УНХЦР, во врска со азилот и справувањето со бегалската криза која е во тек, Канцеларијата на Високиот Комесар за бегалци во Скопје, врши набљудувачка и советодавна функција. Поради зголемениот број баратели на азил кои пристигнуваат на територијата на Република Макеоднија, УНХЦР го анализира и проценува македонскиот систем на азил и неговата усогласеност со меѓународните стандарди. Паралелно со ова, се анализира и пристапноста до територијата и постапките за азил, квалитетот на механизмот на судско одлучување во однос на азилот, постапувањето со лицата со посебни потреби, задржувањето и условите во прифатните центри, при тоа утврдувајќи ги слабостите и давајќи препораки за да се поработи на утврдените недостатоци.

Обезбедувањето на правна помош за бегалците, како и достапноста кон истата, е од значително значење за набљудувачката дејност која УНХЦР ја има во Република Македонија. За поднесувањето на барање за право на азил е неопходна присутноста на правна помош за бегалците, поради тоа што не се соодветно запознати со македонскиот правен систем и не се во можност за адекватно толкување на правните норми кои нив ги засегаат. Токму затоа, во македонскиот правен систем е пропишано дека министерот за правда е одговорен за обезбедување на бесплатна правна помош за сите оние кои ќе изразат намера да поднесат барање за азил. Сепак, Република Македонија, иако земја која директно е засегната од балканската рута на бегалците, дури по Јуни 2015 година ја почна практиката за обезбедување бесплатна правна помош. Претходно, ваква помош не се обезбедувала на задржаните лица во прифатните центри. Преку сугестиите и ангазманот на УНХЦР, бесплатната правна помош сега е обезбедувана од МЗМП,[144] кои имаат обезбеден пристап до прифатниот центар во

[143] Резолуција на Генералното собрание A/RES/47/225.
[144] Македонско здружение на млади правници.

Гази Баба, преку кој редовно ќе ја следат ситуацијата и ќе можат соодветно да обезбедат правна промош. Во однос на ова, ефикасното обезбедување правна помош е честопати попречено од недостигот на толкувачи кои би ја олесниле корелацијата меѓу правниците и бегалците. Токму затоа, УНХЦР како забелешка ја дава ваквата состојба, која резултира со користење на други бегалци со познавање на англиски јазик, како јазик кој службено се користи во процесуирањето на целата постапка на азил.[145]

Според извештаите кои УНХЦР ги има изготвено во текот на 2016 година,[146] се забележуваат соодветни препораки како насока за поефикасно извршување на работата на македонските надлежни органи и справување со дадените предизвици. Препораките започнуваат со детерминирање на недостатоците во професионалната квалификација на персоналот задолжен за справување со интервјуата на барателите на азил. Потребно е интервјуата да се концентрираат на индивидуалните елементи и релевантни факти од барањето, кое подоцна ќе резултира со решение изготвено во рамките на пропишаниот закон и адекватна правна поука. Националната безбедност е од значително значење за секоја држава, без исклучок. Меѓутоа, проблемите со барателите на азил и бегалците воопшто, бараат флексибилност во регулацијата на државната безбедност, во полза на солидарноста која е неопходна за справување со проблем од ваков тип. Капацитетите кои ги имаат институциите задолжени за ваквиот процес, потребно е да бидат во оптимална подготвеност, со цел за почитување на дадената временска рамка при решавање на барањата за азил.

Механизмите за проверка воспоставени со УНХЦР е потребно постојано да се надградуваат, доколку сакаат и двете страни да останат во тек и во целосна координација. Потребна е взаемна соработка и во изготвувањето на соодветни обуки и надградувања за персоналот кој е задолжен за справување со мигрантите и барателите на азил. Томку затоа, во соработка со УНХЦР, македонските власти прават напори за надградување на системот за жалби во полза на неговата

[145] Поранешната југословенска Република Македонија како земја на азил: Забелешки за состојбата со барателите на азил и бегалците во поранешната југословенска Република Македонија, УНХЦР, 2015.
[146] Види повеќе на http://www.unhcr.org/

правичност, ефикасност и соодветно ниво на стручност. Професионалниот развој на судиите во врска со релевантните меѓународни стандарди за азил и заштита на бегалците е од неопходно значење за ефикасноста на самата постапка.

Преку самата анализа на соработката помеѓу овие двата правни ентитета, се забележува зајакнатост на системот за азил на Република Македонија во изминативе години. Законската рамка е во постојано надградување и е сѐ поблиску до меѓународните норми и стандарди. Паралелно на тоа, композицијата и административните и судските капацитети за прашањата во врска со азилот постојано се надградуваат.[147] Сепак, УНХЦР преку својата дејност во Република Македонија, забележува дека постојат важни слабости во практичната примена на системот за азил. Најпрвин, критичкиот осврт е насочен кон обезбедувањето на правична и ефикасна постапка за азил на самите баратели на азил. Во врска со ова, Република Македонија постојано ги надградува своите механизми за проверка и идентификација на засегнатите лица, притоа прераспределувајќи ги до соодветните процедури. За ова е показател фактот на низок степен на процентуално признавање на статус, дури и на малкуте баратели на азил кои остануваат во Република Македонија. Во полза на Република македонија оди фактот што единствена бегалска криза од големи размери е бегласката криза која започна во 2015 година, на нејзините граници. Овие бегалци најчесто ја користат Република Макеоднија како транзитна земја, стремејќи се кон западно европските земји, со цел за поднесување на барање за азил во истите. Претходно споменатата бегалска криза, ги става во искушение целосната азилна политика и азилниот систем на Република Македонија. Значителниот пораст на новодојдени во земјата во последниот период, претстваува голем предизвик за системот на азил воопшто. Со оглед на ова, УНХЦР преку својот извештај ја потврдува реалната состојба која вели дека Република Македонија сѐ уште ги нема исполнето високите стандарди на меѓународното право во врска со азилниот систем, кои, и покрај зголемените напори за усовршување на истоимениот систем, сеуште не ја дефинираат како безбедна трета земја. Како резултат на ова, УНХЦР

[147] Поранешната југословенска Република Македонија како земја на азил: Забелешки за состојбата со барателите на азил и бегалците во поранешната југословенска Република Македонија, стр.23

смета дека земјите кои планираат да враќаат или испраќаат одредени баратели на азил во земјата, треба да се воздржат од тоа. Сепак, воздржувањето е временски ограничено, сè до моментот на постигнување на стандардизираните норми од страна на владините институции.[148]

## 4. Заклучок

Високиот Комесар за бегалци на Обединетите Нации е најважното институционално тело за решавање на проблемите со бегалците ширум светот, кое за своите активности одговара пред Генералното Собрание на ООН. Високиот комесар, се служи со поопштата дефиниција за бегалците, која ги дефинира бегалците и како личности кои биле принудени да го напуштат своето живеалиште поради надворешна агресија, окупација, надворешна доминација или пак настани кои сериозно влијаеле на јавниот поредок и кои поради сето ова бараат прибрежиште надвор од својата држава. Директно се вмешува во преговарањата со државите, не само во однос на обезбедување сигурно прибрежиште на бегалците, туку и за обезбедување на ефикасна репатријација. УНХЦР активно соработува со многу организации приум светот, владини и невладини. Освен УНХЦР, важна улога има и Комитетот за човекови права, договорно тело основано со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Главната негова цел е следење на имплементацијата на одредбите од пактот од страна на државите – потписнички. Во однос на соработката меѓу Република Македонија и УНХЦР, во врска со азилот и справувањето со бегалската криза која е во тек, Канцеларијата на Високиот Комесар за бегалци во Скопје, врши набљудувачка и советодавна функција. Насоките кои ги дава се од значително значење за напредокот на македонското законодавство во областа на азилот и мигранските политики кои ја засегаат Република Македонија, како аспирант за европска и евроатланска интеграција.

[148] Поранешната југословенска Република Македонија како земја на азил: Забелешки за состојбата со барателите на азил и бегалците во поранешната југословенска Република Македонија, стр.23

# ШЕСТА ГЛАВА

## ПРАВОТО НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Закон за азил и привремена заштита

Геополитичката положба на Република Македонија ја дефинира истата како држава погодна за транзициони движења и транспортно - поврзувачки точки. Поради поврзувачката улога кој Македонија ја има со развиените земји од Централна и Западна Европа, таа е мета на миграциски движења. Неизбежна е и при регионалните миграции, кои во последните 25 години се честа појава на Балканскиот Полуостров. Дел поради воените жаришта во деведесетите години на минатиот век, дел и поради внатрешниот конфликт меѓу Република Србија и Република Косово.[149] Местоположбата на Република Македонија е таква што голем дел од транспортот на стока, добра и услуги кои доаѓаат преку средоземноморските рути на бреговите на Република Грција, поминува низ срцето на македонската територија. Патниот и железничкиот транспорт се најзастапени како начини на превезување. Од тука произлегува и важноста за одржување на овие транзициони рути, чии препречувања би важеле за силен удар врз економската стабилност на компаниите кои ги превезуваат своите стоки преку оваа рута. За Република Македонија, од економски аспект е важно пристаништето во градот Солун, кој е еден од главните точки на импорт на стоки на грчка територија. Колапс на ова пристаниште би значело и одземање на моќта на транзиционата линија низ Република Македонија која ги поврзува земјите од Средна и Западна Европа.

Стопанските и трговски рути се преплетуваат со миграционите рути по кои се движат одредени миграциски и бегалски бранови.

[149] Во тој период Косово е составен дел од територијата на Србија, кој бара своја независност и формирање на автономна држава.

Историски гледано, експлоатацијата на балканските рути кои директно ја засегаат територијата на денешна Република Македонија, била со променлив интензитет. Имено, самите миграциски движења го промениле политичкиот и географскиот рејлеф на денешна Европа. Истиот интензитет се рефлексирал и насекаде во светот, формирајќи го ваков каков што го знаеме денес.

Во времето на осамостојување на Република Македонија, законодавството е скоро 90% пресликано од она на Сојузна Федеративна Република Југославија. Влезот во транзициониот процес, за Република Македонија значел и приспособување на националната легислатива со комунитарното законодавство на Европската Унија, како и на развиените европски земји. Сепак, фундаментот останал онаков каков што бил пред осамостојувањето.[150]

Правниот систем на Република Македонија за регулација на прашањата со мигрантите и азилот се повикува на повеќе правни извори. Најпрвин, тука е Уставот, кој како највисок правен акт ги препознава сите правни елементи кои подоцна се делегирани и детално разработени во поединечни законски и подзаконски акти. Законската регулатива за односните прашања се регулира со Законот за странци[151], Законот за државјанство[152] и конкретниот закон: Закон за азил и привремена заштита.[153]

Потребата од конкретен закон кој ќе ги уредува проблематиките кои произлегуваат од миграцијата и азилот како правни елементи, најмногу била увидена од македонскиот законодавец во крајот на деведесеттите години од минатот век, како и во почетокот на новиот милениум. Ова е период на масовна миграција од територијата на Косово и јужните делови на Србија, поради конфликтот кој во тоа време беше доста активен. Република Македонија се соочи со првиот поголем налив на бегалци, а законската регулатива даде до знаење дека е потребна неопходна надградба. Токму затоа, по детално аланизирање на настанатите ситуации во тој период, притоа имајќи ги во предвид културните,

[150] Miloš Milojević, Zbornik radova Nasledje i naslednici Jugoslavije, Srempublik, Beograd 1994
[151] Служвен весник на РМ бр.25/06, 23.03. 2006.
[152] Службен весник на Република Македонија број 67/92.
[153] Службен весник на Република Македонија број 49/03, заедно со измените: бр.66 од 31.5.2007, бр.142 од 10.11.2008, бр.146 од 7.12.2009, бр.166 од 26.12.2012, бр.101 од 18.6.2015, бр.152 од 3.9.2015 и бр.71 од 11.4.2016.

историски и општествени обележја на Република Македонија како ентитет во современиот свет, законодавецот изготвил целосен, самостоен закон за регулација на азилот и миграцијата, воопшто.

Со Законот за азил и привремена заштита се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство (странец) кој бара признавање право на азил во Република Македонија, како и правата и должностите на барателите и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија. Со овој закон се уредуваат и условите според кои Република Македонија може да даде привремена заштита, како и правата и должностите на лицата под привремена заштита.[154]

Под правото на азил, законот подразбира меѓународна заштита, што Република Македонија ја дава под услови и постапка предвидени со овој закон, на лица кои имаат статус на признаен бегалец (бегалец по Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година) и на лице под супсидијарна заштита.[155]

Во рамките на овој закон, категориите на лица се дефинираат според општоприфатените норми на класификација, сѐ со цел за адекватно и ефикасно регулирање на поимите. Според тоа, признаен бегалец е странец за кој по испитување на неговото барање е утврдено дека ги исполнува условите определени со Конвенцијата[156],односно лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, се наоѓа надвор од матичната држава а притоа, не може или не сака да ужива заштита од истата поради горенаведените причини. Истото важи и за лица без државајнство, за кое односните референци се насочуваат кон државата на постојан престој.[157] Додека пак, лице под супсидијарна заштита се подразбира личност која е странец и нема признаен статус на бегалец, а односната држава на барање азил, во контекстот Република Македонија, ќе му признае право на азил и на ова лице ќе му биде

[154] Чл. 1, Закон за азил и привремена заштита, Сл. Весник бр. 49/2003.
[155] Чл. 2, Закон за азил и привремена заштита.
[156] Конвенција за статус на бегалците од 1951 година.
[157] Чл. 4, Закон за азил и привремена заштита.

дозволено да остане во рамките на нејзината територија. Ова се дозволува бидејќи постои вистинска реалност дека, доколку тоа лице се врати во својата матична земја, ќе се соочи со можност за претрпување на сериозни повреди.[158]

### 2. Постапка за стекнување на право на азил

Постапките за стекнување на правото на азил во Република Македонија, несомнено, е во согласност со сите начела на континентално - европското право и нормите на меѓународните организации и глобални тела. Во Република Македонија, во постапката за стекнување на право на азил, соодветно се применуваат и одредбите на Законот за Општа управна постапка[159], со исклучок на случаите кога одредбите на законот за азил и привремена заштита поинаку определуваат.

Намерата за поднесување на барање за азил странецот ја искажува во внатрешноста или на граничен премин на Република Македонија, пред било кој полициски службеник. Полицискиот службеник, пак, според законот, ги забележува личните податоци на странецот – искажувач на намерата, му дава примерок од потврдата за искажаната намера и го упатува во рок од 72 часа да поднесе барање за признавање право на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил. Доколку странецот не постапи согласно ова, се постапува согласно со прописите за странци.[160] На вака дефинираната одредба за искажување намера за поднесување на барање за азил, се надоврзува и опцијата, барателот на азил да може да поднесе барање за признавање на право на азил пред полицијата на граничниот премин, во најблиската полициска станица или пак, во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил. Одреден барател на азил, кој веќе престојува на

[158] Чл. 4-а, Закон за азил и привремена заштита, каде како сериозни повреди, се подразбира: смртна казна или егзекуција; тортура или нечовечко или деградирачко постапување или казнување, сериозни и индивидуални закани по животот или личноста на цивилно лице, по пат на недискриминирачко насилство, во ситуација на меѓународен или внатрешен вооружен конфликт.
[159] Службен весник на РМ бр.38/05, заедно со измените и дополнувањата од 2008 и 2011 година.
[160] Чл. 16, Закон за азил и привремена заштита.

териотријата на Република Македонија, го поднесува своето барање до Одделението на азил. Во одредени случаи, поточно во случаите на семејно обединување, барањето на азил може да биде поднесено и во дипломатско – конзуларните преставништва на Република Македонија во странство.[161] Самиот овој процес е детерминиран од пропишаноста за нормативите во однос на составување на потребните барања. Образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција ги пропишува министерот за внатрешни работи.[162]

Пропишаните норми евидентираат постоење на баратели и искажувачи на намера за поднесување на барање за признавање на азил кои веќе се на териотријата на Република Македонија, а кои противправно влегле и престојуваат во неа. Во ваквите случаи, барателот на право на азил кој бесправно влегол или бесправно престојува на територијата на Република Македонија, а директно доаѓа од држава во која неговиот живот или слобода биле во опасност, нема да се казни, ако веднаш побара признавање право на азил во Одделението за азил или се пријави во најблиската полициска станица и го изложи барањето за признавање право на азил, како и оправданите причини за своето бесправно влегување или престој. Доколку ова се случи, полицијата веднаш ќе го спроведе лицето до Одделението за азил.[163]

Ефикасното поднесување на барањето за признавање право на азил е фундамент на самата процедура за стекнување на посакуваниот статус. Токму затоа, барателот е потребно барањето за признавање право на азил го поднесува писмено или усно на записник, на македонски јазик, или ако тоа не е можно, на јазикот на земјата на потекол, на некој од пошироко прифатените странски јазици

[161] Чл. 16-а, Закон за азил и привремена заштита.
[162] Чл. 16-б, Закон за азил и привремена заштита.
[163] Член 17, Закон за азил и привремена заштита.

или на јазик за кој може разумно да се претпостави дека барателот на право на азил го разбира. Притоа, во текот на поднесувањето на барањето на подносителот задолжително му се земаат оптечатоци од прсти и се фотографира. Веќе по поднесувањето на барањето за азил, Одделението за азил во рок од три дена ќе му издаде потврда на барателот на право на азил со печат, број и датум на поднесувањето, со која се потврдува статусот на барателот на азил и се докажува дека на барателот на азил му е дозволено да остане на територијата на Република Македонија додека трае постапката по неговото барање за признавање на право на азил.

Во постапката за признавање на право на азил, Одделението за азил[164] усно и во писмена форма ќе ги извести барателите на азил на јазик за кој оправдано се мисли дека е разбирлив за нив, во период не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање право на азил, за:

- Начинот на спроведување на постапката за признавање право на азил;
- Правата и обврските на барателите на право на азил;
- Можните последици доколку не се придржуваат до нивните обврски и не соработуваат со надлежните органи;
- Условите за прифаќање на правото за правна помош;
- Право на контактирање со лица кои даваат правна помош, претставници на Високиот комесаријат за бегалци и невладини хуманитарни организации, во сите фази на постапката и каде и да се наоѓаат барателите на право на азил.[165]

[164] Одделение при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.
[165] Чл. 18, Закон за азил и привремена заштита.

### 3.1. Права и обврски на барателите на право на азил

- Обврска за поднесување на исправи

Секоја исправа која барателот на азил ја поседува, потребно е да ја приложи заедно со барањето за признавање правно на азил, во моменти кога тие се неопходни за постапката за признавање право на азил. Особено важни документи во оваа смисла се:

- Патна исправа;
- Визи, дозволи за престој и други слични исправи;
- Лична карта или друг идентификационен документ;
- Сертификат за раѓање и склучување на брак;
- Патни билети;
- Други документи или исправи кои би можеле да се од значење во постапката на признавање право на азил.

Во текот на целата постапка, приложените документи се чуваат во одделението за азил, а во меѓувреме, се издаваат фотокопии од приложените документи на барателот на азил, заедно со овластена потврда која докажува дека патните исправи се во посед на Одделението за азил.[166]

- Право на толкувач

Во постапката за доделување право на азил, најчесто поднесителите на барањето за право на азил, не го разбираат официјалниот јазик на постапката. Токму затоа е потребен толкувач, кој ќе ја спреведува постапката на јазик, разбирлив за барателите на правото на азил. Во Република Македонија, обезбедувањето на толкувачот го прави Одделението за азил, кој е толкувач на јазикот на земјата на потекло на барателот на правото на азил, или пак на јазик кој го разбира. Сите трошоци поврзани со ова, се на терет на Министерството за внатрешни работи. Во смисла на самата постапка, толкувачот е должен сите

[166] Види чл.20, Закон за азил и привремена заштита.

податоци кои ги дознал да ги чува како тајна, со цел зачувување на приватноста на постапката. Барателот на правото на азил, пак, има право да побара толкувачот да биде од ист пол, доколку е тоа во рамките на можностите на реалната ситуација.[167]

- Јавност на постапката

Јавноста е целосно исклучена, при сослушувањето на барателот на право на азил. Единсвени исклучоци во ова се лицата кои даваат правна помош на барателот на право на азил, претставниците на Високиот комесаријат и толкувачот. Овие лица, кои се исклучени од тајноста на сослушувањето, се известуваат писмено за датумот, времето и местото на сослушувањето. Повеќе од очигледно е дека лицата кои се присутни на сослушувањето се должни сите податоци кои ги дознале во текот на постапката да ги чуваат во тајност. Исклучок на ова тврдење настанува само во моментите кога барателот на правото на азил изречно ќе им дозволи било каква комуникација со јавноста, која дозвола најпрво е оценета како нештетна за текот на постапката, од страна на овластеното службено лице на Одделението за азил.[168]

### 3.2. Повлекување на барањето за признавање право на азил

Барањето за признавање на право на азил се смета за повлечено и постапката ќе се сопре со заклучок, ако се утврди дека барателот на право на азил:

- Го повлекол барањето за признавање на правото на азил;
- Не се јави на покана за сослушување во Одделението за азил, а својот изостанок не го оправда во рок од 48 часа од денот на закажаното сослупување;

[167] Види чл.21, Закон за азил и привремена заштита.
[168] Види чл.22, Закон за азил и привремена заштита.

- Го напушти местото определено за негово сместување без одобрение, за времето кога постапката е во тек, во период подолг од три дена без да го извести надлежниот орган за неговото напуштање, или пак, не обезбеди согласност од надлежниот орган за напуштање на местото каде е сместен;[169] Барателот на азил, против донесениот заклучок, има право на поднесување тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на заклучокот. Поднесената тужба, пак, го одлага извршувањето на заклучокот. Постојат одредени случаи кога на барателот на право на азил му се дава можност за повторно отварање на предметот. Имено, доколку барателот на азил навел оправдани причини за пропуштање на обврзувачките дејствија кои се наведени погоре, има можност за поднесување на барање за повторно започнување на постапката. Сето ова е можно доколку не поминале 30 дена од денот на пропуштање на дејтсвијата.

### 3.3. Редовна постапка

#### 3.3.1. Спроведување на редовна постапка

Редовната постапка за признавање на барателот на азил во прв степен се спроведува во целост од страна на Одделението за азил, кое својата одлука е должно да ја донесе во период од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето.[170] Сослушувањето на барателот на азил е една од најважните етапи во самата постапка. Нуди можност на барателот на азил непосредно да ги изнесе фактите и околностите кои го ползуваат неговото барање. Сослушувањето е постапка која се врши во соодветно обезбедени тајност и доверливост, во која барателот на азил учествува сам, без присуство на други членови од неговото семејство. Исклучок на ова се случаите кога службеното лице од Одделението за азил донесува проценка според која, присуството на друго членови на семејтсвото

[169] Види чл.24, Закон за азил и привремена заштита број 49/03, заедно со измените: бр.66 од 31.5.2007, бр.142 од 10.11.2008, бр.146 од 7.12.2009, бр.166 од 26.12.2012, бр.101 од 18.6.2015, бр.152 од 3.9.2015 и бр.71 од 11.4.2016.

[170] Чл.27, Закон за азил и привремена заштита.

на барателот е непходно, за одредено нивно испитување и потврда на одредени факти и настани. Највaжно за овластеното службено лице кое го води сослушувањето е да ги земе во предвид личните и општите околности во кои се наоѓа барателот на азил, кои се однесуваат на барањето за азил. Овде се вклучуваат и културното потекло и степенот на ранливост на барателот, на начин и обем кој соодвестува на реалната претстава. Во текот на сослушувањето, непосредната и посредна комуникација меѓу службеното лице, од една страна, и барателоит на азил од друга, се најважните елементи за позитивен резултат на самата постапка. Имено, за поголема ефикасност, службеното лице обезбедува соодветен толкувач за барателот на азил, меѓутоа, не е обврзувачки комуникацијата да се води на јазик на кој сака барателот на азил, доколку барателот на азил познава и друг јазик, или пак разумно може да се претпостави дека го познава.

Како постапка, сослушувањето е главен момент каде барателот на азил има можност да ги наведе сите докази и факти кои го поткрепуваат основаниот сомнеж за прогон од матичната земја. Овие факти и докази службено се запишуваат во официјалниот записник на сослушувањето, заедно со сите други искази кои се во смисла на етапата на сослушување. Записникот подоцна се потпишува од лицата кои учествувале во сослушувањето. Барателот на азил доколку одбие да го потпише и не се согласува со напишаното во него, протестот се евидентира во предметот на барателот.

Самата постапка има повеќе можности за одбивање на барањето за азил. Едни од најчестите причини за одбивање на барањето се:[171]

- Непостоењето на оправдан страв од прогон во матичната земја;
- Постоењето наоправдани причини за негово одбивање;[172]
- Прогонот[173] е ограничен само нао одредена географска област на државата чиј државјанин е, или пак доколку е без државјанство, на државата на постојан престој, а постои можност за ефикасна заштита во друг дел на

[171] Член 29, Закон за азил и привремена заштита.
[172] Види чл.6, Закон за азил и привремена заштита.
[173] Види чл.4, Закон за азил и привремена заштита.

државата, освен ако со оглед на сите околности не може да се очекува лицето таму да побара заштита.

Доколку по било која основа, поднесокот за барање на азил на барателот е одбиен поради неисполнување на условите за добивање право на азил, Оддлеението за азил по службена должност ја проверува основаноста и исполувањето на условите за добивање на право на азил поради супсидијарна заштита. Во однос на проценувањето на фактите и околностите кои произлегле по завршувањето на редовната постапка во однос на поднесеното барање, Одделението за азил донесува три вида на решенија во писмена форма: решениеза признавање статус на признаен бегалец, решение за признавање статус на лице под супсидијарна заштита и решение за одбивање на барањето за признавање право на азил.

Доколку постои случај каде, преку докажани факти и околности, двајца родители се стекнале со статус на признаен бегалец или на лице под супсидијарна заштита, Република Македонија, преку Одделението за азил може да донесе решение со кое му се признава иститот статус и на нивното малолетно дете кое се родило и живее на територијата на Република Македонија. Истото решение, за малолетно дете кое е родено и живее на територијата на Република Македонија, може да биде донесено и во случај кога само еден од родителите има стекнат статус на признаен бегалец или лице под супсидијарна заштита.

Решението за одбивање на барањето за признавање право на азил е составено од причините поради кои не е уважено барањето, упатство за правно средство и рокот во кој лицето е должно да ја напушти територијата на Република Македонија. Овој рок не може да биде пократок од 15 дена од денот кога решението станало извршно. Секое решение може да биде оспорено од страна на барателот на азил во вид на тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на доставување на решението. Одлуката по основ на тужбата, Надлежниот суд ја донесува во рок од два месеца од датумот на тужбеното поднесување, а истат тужба паралено го одложува извршувањето на решението.

Постои и можност за повторно поднесување на барање за признавање право на азил, кое мора да биде поткрепено со нови докази за изменетоста на

состојбата на фактите и околностите, од моментот на донесување на претходното решение. При недостиг на ова, Одделението за азил ќе го одбие барањето.

### 3.4. Итна постапка

Итната постапка е постапка која се спроведува во случај кога барањето за пирзнавање право на азил е евидентно неосновано, освен кога барањето е поднесено од малолетно лице без придружба или лице со пречки во менталниот развој. Во однос на очигледните неоснования на барањата кои се поднесени, постојат повеќе услови кои ја исполнуваат таквата квалификација:[174]

- Неоснованост во тврдењата за страв од прогон, бидејќи барањето не е поднесено поради законските причини кои ги познава правниот систем на Република Македонија, туку поради можност за вработување и подобри услови за живот. Ова е можно и во случаите кога барателот не дава никакви податоци дека би бил изложен на прогон, а и кога неговите тврдења се невозможни и противречни;
- Заснованост на барањето врз смислена измама или злоупотреба на постапката за признавање право на азил;
- Случаи кога лицето пристигнало од трета безбедна земја на потекло, освен во ситуациите кога лицето може да докаже дека земјата на потекло не е безбедна за него;
- Случаи кога лицето пристигнало од трета безбедна земја, во која можело да бара признавање правно на азил, освен кога може да докаже дека таа не е безбедна за него;
- Случаи кога лицето пристгнало од трета безбедна земја на потекло, која истовремено е и земја – членка на Европската Унија, освен кога може да докаже дека таа не е безбедна за него;
- Лицето смислено дава невистинити искази во неговото барање за признавање право на азил, во усна или писмена форма, а тие изјави се од

[174] Види чл.35, Закон за азил и привремена заштита;

суштествена природа за постапката и се дадени без разумно објаснување за нив;

- Лицето, без разумно објаснување, го знасновал своето барање врз лажен идентитет или врз фалсификувани исправи, за кои притоа тврдел дека се автентични;
- Лицето кое е подносител, намерно уништува, оштетува или крие патна исправа, друг документ или доказ од значење за самата постапка. Сето ова е направено со цел да се попречи текот на постапката и да ги доведе во заблуда наадлежните за признавање право на азил во врска со неговиот идентитет;
- Целта на барањето за признавање право на азил е да се спречи извршувањето на одлуката за протерување од Република Македонија, а притоа барателот имал доволно време пред одлуката да го поднесе барањето за признавање на азил;
- На лицето му било одбиено барањето за признавање право на азил во друга земја, во согласност со стандардната постапка и испитување на суштината на барањето, притоа непротивречејќи на Конвенцијата[175];
- Лицето кое е поднесител на барањето за признавање право на азил има добиено право на азил во друга земја и во дадениот момент ја ужива заштитата на таа земја.

Во моментот кога барањето за признавање право на азил е одбиено како неосновано, Одделението за азил го донесува конечното решение со кое се одбива барањето за признавање право на азил и воедно се определува рокот во кој лицето треба да ја напушти територијата на Република Македонија, кој рок не може да биде пократок од 5 дена од денот кога решението станува извршно. Самото решение ги наведува причините поради кои тоа е донесено, а неговото донесување се остварува во рок од 15 дена од денот на пиоднесување на барањето за признавање право на азил.[176] Меѓутоа, барателот на право на азил има право на тужба против решението со кое му е одбиено барањето во итната

[175] Конвенција за статус на бегалци, Женева, 28ми Јули 1951 година.
[176] Види чл.36, Закон за азил и привремена заштита.

постапка. Тужбата мора да биде поднесена во рок од 7 дена од денот на доставување на решението. По самата поднесена тужба, одлучува надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на поднесување на тужбата, а во меѓувреме се одложува извршувањето на донесеното решение.

### 4. Престанок на правото на азил

Моментот на престанок на правото на азил признаено во Република Македонија, настанува кога:[177]

- Лицето доброволно повторно ќе се стави под заштита на земјата на која е државјанин;
- Лицето доброволно повторно го стекнало државјанството на односната земја, кое претходно го има изгубено;
- Лицето стекнало ново државјанство и ужива заштита од државата на која е тој нов државјанин;
- Лицето доброволно повторно се населило во државата шти ја има напуштено или пак од која побегнало поради страв од прогон;
- Односното лице не може повеќе да ја одбива заштитата која му ја нуди земјата на која е државјанин, поради тоа што околностите преку кои го стекнало правото на азил, престанале а постојат;
- Лицето е без државјанство и може да се вртати во зејмата на неговото претходно вообичаено место на живеење, бидејќи околностите поради кои му било признаено право на азил престанале да постојат.

За самиот престанок на правото на азил поради наведениве причини, потребно е спроведување на постапка, која е потребна и за признавање право на азил.

[177] Чл. 38, Закон за азил и привремена заштита.

## 5. Република Македонија и бегалските кризи

Во овој дел акцентот сакам да го ставам врз историската тенденција на Република Македонија за справување со бегалски кризи. Процесот на социјална интеграција на бегалците е од најголемо значење за домицилната земја, бидејќи тоа е показател за способноста за справување со динамични и долготрајни процеси, какви што се и бегалските кризи. Во своето 25 годишно постоење, Република Македонија има одговорено на повеќе бегалски предизвици, кој до крај ги има остварено на професионален и задоволителен начин. Во периодот на 1991 година, како и во 1992 година, Република Албанија навлезе во сериозна политичка криза, доведувајќи го своето население во сериозни проблеми и ситуација да бараат прибрежиште надвор од својата земја. Република Македонија, во тој период, соодветно одговори на надојдениот бран бегалци, во активните бегалски кампови кај Охрид, Струга и Ресен, каде биле сместени повеќе од 1000 бегалци, претежно од делот на југоисточна Албанија. Дел од овие бегалци и ден денес живеат во пределот на Мала Преспа.[178] Овој период, паралено започнала и кризата на поранешните југословенски простори, највжештена во Босна и Херцеговина. Бегајќи од кризата, Република Македонија понуди заштита на повеќе од 35.000 бегалци од Босна и Херцеговина, сместувајќи ги во прифатни центри ширум државата, а поради недостиг на соодветен капацитет на прифатни центри во тоа време, дел од бегалците се сместуваа и во приватни домаќинства. Повеќе од 5 години Република Македонија им даваше заштита на бегалците, сè до целосната стабилизација на ситуацијата во Босна и Херцеговина, каде беа соодветно и безбедно вратени назад.[179]

Косовската криза во поранешна Југославија[180] е катализатор на една од најголемите бегалски кризи на Балканот. Повеќе од половина милион бегалци беа алоцирани од своите живеалишта, а скоро 360.000 косовски бегалци навлегоа на

[178] Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008 – 2015, Минстерство за труд и социјална политика, Влада на Република Македонија. Превземено на 22.9.2016 http://www.mtsp.gov.mk/

[179] Врз основа на договор за репатријација помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина.

[180] Во тоа време Србија го задржа името Југославија.

македонска територија, барајќи засолниште и заштита. Во тој период, Република Македонија како единствено решение за справување со настанатата ситуација сметаше дека ќе биде донесување на Заклучок за обезбедување привремена хуманитарна заштита. Овие бегалци беа сместени по семејства и колективни центри за згрижување на бегалци. Повеќе од половината косовски бегалци беа сместени низ семејства, токму поради ограничувачкиот капацитет на прифатната инфраструктура на Република Македонија во тој период. И покрај овие пречки, Република Македонија е една од најгостопримливите држави во поглед на бегалски кризи, во овој регион. Останатите бегалци беа распределени низ 8 прифатни центри низ државата, со обезбедени соодветни услови за престој и заштита. Како по завршувањето на секоја бегалска криза, така и во овој случај, поголемиот дел од бегалците доброволно се вратија во своите домови, поради подобрување на безбедносната ситуација во Косово. Во наредните години, дел од оние што останаа во државата, преку доброволно заминување во трети земји или доброволна репатријација, исто така ја напуштија Република Македонија, доведувајќи го бројот на бегалци кои останаа, на минимум. По укинувањето на привремената хуманитарна заштита во 2003 година, сите бегалци кои останаа во државата, им беше овозможено поднесување на барање за признавање на право на азил, со цел за обезбедување легален престој.[181] Целата постапка се овозможи преку донесување на Законот за азил и привремена заштита, истата година.

Сириската криза обработена во првата глава, дава приказ на мегалономноста на проблемот кој ги засега бегалските бранови и меѓународната јавност. Низ призмата на азилните системи на одделните држави, и на регионалните и светските организации, се отсликува спремноста за справување со дадени проблеми од ваков тип. Оваа криза, сепак од голем размер, ја затече Република Македонија не доволно спремна за ефикасно справување со неа.

[181] Министерство за труд и социјална политика на РМ, Стратегија за интеграција на странци во Република Македонија 2008 – 2015, стр. 8

Имено, затоа беше потребна и измена на одредени делови во законот за азил[182], со цел притоа да не се избега од хуманите начела и ефикасноста во постапката, однесувајќи се достоиствено до подносителите на барањата, оние кои имаат потреба од помош и заштита. Затоа, во овој дел несомнено е потребен критички осврт на справувањето на Република Македонија со сириската бегалска криза и нејзините недостатоци во корелацијата со истата. Недоследноста на законската регулатива и строгите мерки за барање на азил, според тогашната правна форма на законот за азил[183], создадоа поволна клима за критика, која е најизразена во последниот извештај[184] на Human Rights Watch[185] за Република Македонија. Ваквиот извештај се базира на исцрпни интервјуа на бегалци кои транзитираат низ Република Македонија, како една од најважните земји на балканската рута[186].[187] Република Македонија, до средината на 2015 година, систематизацијата на притворање на мигрантите и барателите на азил ја спроведуваше во единствениот специјализиран притворен центар за бегалци, Гази Баба[188]. Главниот проблем со овој центар се нехуманите услови кои ги нуди центарот, пренатрупаноста на бегалци, недоволниот пристап храна и вода и поразителни санитарни услови. Извештајот заклучува дека ваквите услови имале високо влијание врз психолошката и физичката здраствена состојба на притворениците.[189] Имено, македонските власти притворот го оправдуваа поради пренатрупаност на јужната границата со бегалци и неможноста за процесирање на идентификационите податоци на бегалците кои транзитираат низ државата.

---

[182] Закон за азил и привремена заштита број 49/03, заедно со измените: бр.66 од 31.5.2007, бр.142 од 10.11.2008, бр.146 од 7.12.2009, бр.166 од 26.12.2012, бр.101 од 18.6.2015, бр.152 од 3.9.2015 и бр.71 од 11.4.2016.

[183] Закон за азил и привремена заштита број 49/03, заедно со измените: бр.66 од 31.5.2007, бр.142 од 10.11.2008, бр.146 од 7.12.2009, бр.166 од 26.12.2012. Станува збор за период до јуни 2015 година.

[184] „Како да не сме луѓе“ Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија, Human Rights Watch Report, Септември 2015

[185] Глобална невладина организација која е составена од активисти, експерти, новинари, правници, чие набљудувачко око е присутно во повеќе од 90 држави. Има соработка со многу држави, регионални и глобални организации и се одликува со непристрасност, објективност, фактичка реалност во адвокатурата за човековите права.

[186] Балканска рута е бегалска рута која ги опфаќа државите од Балканскиот полуостров.

[187] „Како да не сме луѓе“ Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија, Human Rights Watch Report, Септември 2015 стр.2

[188] Се наоѓа во скопската општина Гази Баба, оттаму и името на центарот.

[189] Human Rights Watch Report, стр.3

Меѓутоа, тоа не го спори фактот дека одредени бегалци беа задржани во прифатниот центар и до шест месеци, за што сведочат интервјуата на Human Rights Watch, објавени во нивниот извештај, кој е предмет на анализа.[190] Притисокот од организациите за заштита на човековите права, како што се Хелсиншкиот Комитет за човекови права, Легис, па и УНХЦР, кулумирани во извештајот на Европската Комисија за 2014 година[191], резултира со надополнување[192] на постојниот закон за азил на Република Македонија[193]. УНХЦР во својот извештај од 2015 година[194] потенцира за состојбата со единствениот прифатен центар за странци, сметајќи дека иако правото за поднесување барање за право на азил е овозможено, процедурата е крајно спора и одолговлекувачка, притоа сметајќи на нечовечките услови во прифатниот центар и неговата запуштеност за општо познати и приоритетни за решавање.[195] Омбудсманот на Република Македонија[196] во својот извештај за условите на притворниот центар, потенцира дека условите за сместување на лица со посебни потреби не ги исполнуваат условите предвидени со меѓународното право, давајќи насока кон тоа да се подобрат условите и секојдневните активности на притворените. Постапката на притварање на барателите на азил и мигрантите, без оправдување, претставува произволен притвор и е забранет со меѓународните правни норми.[197] Поголемо прекршување на човековите права се покажува во ситуациите на задржување на бегалците кои биле пренесувани/шверцувани од страна на трети лица, во постапката против пренесувачите/шверцерите, како сведоци во постапката.[198] Нивното задржување

---

[190] „Како да не сме луѓе“ Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија, Human Rights Watch Report, Септември 2015

[191] Превземен на ден 22.10.2016 од http://www.pravdiko.mk/izvestai-od-ek/

[192] Закон за азил и привремена заштита број 49/03, со измената бр.101 од 18.6.2015

[193] Закон за азил и привремена заштита број 49/03, заедно со измените то тогаш: бр.66 од 31.5.2007, бр.142 од 10.11.2008, бр.146 од 7.12.2009, бр.166 од 26.12.2012.

[194] UNHCR Observations: The former Yugoslav Republic of Macedonia as a Country of Asylum, August 2015

[195] UNHCR Observations: The former Yugoslav Republic of Macedonia as a Country of Asylum, August 2015 стр.9

[196] Народен Правобранител на РМ.

[197] Меѓународен пакт за граѓански и политички права чл.9, Европска Конвенција за човекови права чл.5

[198] Закон за кривична постапка, Сл. Весник бр. 150/2010

во притворниот центар Гази Баба е противправно и се коси со меѓународното право, а воедно и со македонското законодавство.[199] Како резултат на донесените измени на законот за азил и привремена заштита[200] , се намали притворањето на мигрантите поради тоа што им се овозможи поднесување барање за признавање право на азил, на самиот граничен премин, како и дозволата за престој од 72 часа на територијата на државата, во кој период им е дозволено транзитирање. Согласно ова, намалениот број притворања на бегалци и нивна употреба во судски постапки, не ја намалува вината во прекршувањето на меѓународните норми за човекови права, создавајќи голема основа за натамошно надградување и потврдувајќи за неопходноста на дополнувања и измени на азилните норми. Во моментот притворниот центар за бегалци во Гази Баба е затворен, што создава клима на напредност и ефикасност во процесирање на барањата за азил на транзитните мигранти. Помага и тоа што моментално балканската рута е затворена и нема нов налив на бегалци. Периодот кој следува е турбулентен и непредвидлив, кој е условен од меѓународни фактори и влијанија објаснети во првата глава.

---

[199] Долгиот период на притварање најчесто се должеше на недостиг во преведувачи на соодветниот јазик за сведоците во постапката. Според македонското законодавство, лице не може да биде притворено без судски налог, кој мора да се обезбеди во рок од 24 часа од моментот на приведување/задржување. Во пракса, не се применуваше во формална смисла зборот притварање за ваквите случаи, затоа што лицата се сведоци во постапка и задржувањето е без судски налог. Сето ова го правеше невозможно поднесувањето жалба за противправен притвор.

[200] Сл. Весник 101/2015.

## 6. Заклучок

Република Македонија, како централен дел на Балканскиот Полуостров, има значајна улога во транзитноста на луѓе, добра и услуги. Експлоатацијата на ваквата позиција ја соочува со големи предизвици. Последен пример за тоа е бегалската криза и активирањето на бегалската транзитна рута. Законодавството на РМ, особено Законот за азил и привремена заштита, ги уредува сите проблематики кои се појавуваат од настанатата криза. Правото на азил е меѓународна заштита, овозможена од Република Македонија, на лица со признан статус на бегалци т.е. лица кои имаат оправдан страв за својот живот и за прогон од својата матична земја, по основ на најразлични фактори. Законодавството е услогласено со меѓународните норми по основа на постапките за стекнување и престанок на правото на азил и супсидијарна заштита, како и конкретизацијата на правата и обврските кои произлегуваат од стекнатиот статус. Имено, законот за азил на Република Македонија, во одредени делови заостануваше и не одговори целосно на поставениот предизвик, поради што беше потребно итна измена, со цел за соодветен одговор. Република Македонија се надева на евроатланска и европска интеграција. Како таква, не смее да дозволи затајување на имплементацијата на меѓународните норми и прекршување на основни правни начела. При турбулентниот период на справување со кризата, Република Македонија ги прекрши човековите права на бегапците притворени во центарот за странци, во случаите објаснети во оваа глава, со што се потврди помошната хипотеза поставена во воведниот дел. Потребно е, во понатамошните справувања со предизвици од ваков тип, Република Македонија да се воздржи од вакви дејствија, кои го нарушуваат меѓународниот имиџ на државата и го отежнуваат патот на интеграција.

## ЗАКЛУЧОК

Секое истражување бара систематска разврска на темата со цел за крајна конклузија. Миграционата политика и азилниот правен систем несомнено се актуелна светска проблематика, со оглед на активните воени жаришта и дебалансирани региони. Миграцијата и азилот сами по себе се историски траен поим, кои низ аналите на минатото се провлекуваат до ден денес. Критичкиот осврт на темата објаснува силно разнишано тло на Блискиот Исток, географски предел кој се докажа како културна матрица на човештвото. Арапската пролет се докажа како катализатор на настанатите проблеми, и ерупција на низа општествени и политички кризи на национален и верски идентитет. Резултатот на ваквите бегалски кризи се енормниот број мигранти и бегалци, луѓе кои се плашат за сопствениот живот во матичната држава и бараа прибрежиште надвор од неа. Ваквите правни институти, анализата покажа дека биле познати на национално и глобално ниво, иако целосна правна заштита почнале да уживаат по завршетокот на Втората светска војна. Меѓународните организации вистински се потрудиле да ги озаконат и правно заштитат ваквите меѓународно – правни субјекти, за што доказ постои во структурната разградба на најважниот изворен документ – Конвенцијата за заштита на бегалците и нејзиниот Протокол. Ако опфатиме една временска рамка од 100 години, преку трудот ќе забележиме дека развојот на правните нормативи е бавен и иницирaн единствено при фактичко соочување со бегалски кризи. Европската Унија, како понов правен субјект на меѓународната сцена, за цел ги има најзначајните индивидуални слободи и права, како фундамент на своето постоење. Токму затоа, посветено е внимание и на институтите кои ги истражуваме во овој труд. Кривично – правниот аспект на азилот и миграциите во комунитарното право на ЕУ е доста застапено, меѓутоа и тие ја имаат тенденцијата на дополнување при конкретно соочување со проблем од оваа област. Критиката оди на страната на спората нормативна надградба, иако, покажано во детален осврт на материјата, надградбата во моментот е на задоволително ниво. Република Македонија, како афирмиран претендент за

членство во северно – атланската алијанса и Европската Унија, секогаш настојува во чекор да ги следи трендовите на дополнување и подобрување на националното законодавство. Покажана како добар домаќин за бегалците, во првите кодини од своето осамостојување, таа се стреми кон задржување на ваквиот имиџ. Нејзиното законодавство во однос на азилот забележавме дека соодвестува со трендот на запоставување на законските надградби, исто како и скоро сите држави и организации ширум светот. Можеби азилот е премногу сензитивна тема за вака раздразливо општество во кое живееме. Притисокот кој РМ го имаше од страна на светската јавност, како дел од главната балканска рута на белгалците, ја наведе на згреши во постапувањето и да ги прекрши основните човекови права, загарантирани со повеќе конвенции и протоколи на меѓународно ниво. Воедно, ваквата постапка е очекувана, земајќи го во предвит фактот на панична надградба на законот за азил и привремена заштита, со цел за ублажување на тензичноста и олеснување на патот на бегалците кои транзитираат. Сепак, кривичниот елемент на азилот во ваквата ситуација е неспорен, што го дава на виделина фактот за потврда на моите хипотези поставени во воведот на овој труд. Покрај помошните хипотези, потврдени во одделните делови во структурата на трудот, се потврдува и мојата главна хипотеза, која целосно ја сметав за актуелна и вредна за нејзино поставување како таква. Имено, целосната анализа на моето истражување докажува дека меѓународното и домашно законодавство мора континуирано и безрезервно да ги усовршуваат и развиваат правните рамки на третирање на азилот и миграционите движења, со цел за развивање на актуелност и целовитост во постапката. Исто така, паралено на ова, потребна е и поголема билатерална и мултилатерална соработка за намалување на бегалските кризи на минимум, кои се главни генератори на баратели на азил од ваков тип, а со тоа и намалена побарувачка на азил, во целост.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**1.** Asher-Schapiro, Avi, The Young Men Who Started Syria's Revolution Speak About Daraa, Where It All Began, https://news.vice.com

**2.** Borchardt, Klaus-Dieter, The ABC of European Union Law, Publications Office of the European Union, 2010

**3.** Boric Rada, Mertus Julie, Tesanovic Jasmina, Metikos Habiba, 6. The Suitcase: Refugee Voices from Bosnia and Croatia, Refugee Council of Australia, 1997

**4.** Brennan, Frank, Tampering with Asylum: A Universal Humanitarian Problem, Refugee Council of Australia, 2003

**5.** Convention determining the State responsible for examining applications for asylum lodged in one of the Member States of the European Communities - Dublin Convention, Official Journal C 254 , 19/08/1997 P. 0001 – 0012

**6.** Convention on the protection of the European Communities financial Interests, OJ Ц 316, 27.11.1995/ стапила во сила на 17.10.2002.

**7.** Corstens Geert, European criminal law, Springer Netherlands, 2002

**8.** Craig, Paul., Grainne de Burca. EU Law: Text, Cases and Materials. 4th ed. Trans. Zorica Teofilova. Oxford University Press, 2008. стр.235. Печатена верзија

**9.** Europa, Gateway to EU http://europa.eu/lisbon_treaty/index_en.htm

**10.** Golan Heights profile, http://www.bbc.com

**11.** Gondek Michal, The Reach of Human Rights in a Globalising World: Extraterritorial Application of Human Rights Treaties, Intersentia, 2009

**12.** Klip André, European criminal law: An Intergrative approach, Intersentia, 2009

**13.** Kneebone Susan, Rawlings-Sanaei, New Regionalism and Asylum Seekers, Berghahn Books, 2007

**14.** Lageman Thessa, Mohamed Bouazizi: Was the Arab Spring worth dying for?, http://www.aljazeera.com/

**15.** Loescher Gil, The UNHCR and World Politics - A Perilous Path, Oxford University Press, Oxford, 2001

**16.** Margo Giavana, Bonning Brittany, Winz Neighbor, Tese, Understanding the Arab Spring form the inside: A Resource packet for educators, World Affairs Council, 2012.

**17.** McElroy Damien, Colonel Gaddafi died after being stabbed with bayonet, says report, http://www.telegraph.co.uk

**18.** Miettien Samuli, Criminal Law and Policy in the European Union, Routledge, 2013

**19.** Migrant crisis: EU threatens Greece over border controls, BBC News ; 27 January 2016

**20.** Miller J. Mark, Castles Stephen, The Age of Migration: International Population Movements in the Modern World (Third Edition), The Guilford Press, 2003

**21.** Mitsilegas, Valsamis., EU Criminal Law, 2009

**22.** OAU Convention governing the specific aspects of refugee problems in Africa, United Nations, Treaty series No. 14691, 1969

**23.** OHCHR, Committee Against Torture, Concluding observations on the third periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia, May 2015

**24.** OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights, Hate Crime Laws: A Practical Guide, OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights, 2009

**25.** Regional Refugee & Resilience Plan 2016 – 2017: In response to the Syria crusis;

**26.** Regional refugee and migrant response plan for Europe: Eastern Mediterranean and Western Balkans route. January – December 2016, UNHCR.

**27.** Stan Lavinia, Transitional Justice in Eastern Europe and the Former Soviet Union: Reckoning with the communist past, Taylor & Francis, 2008

**28.** Syria GDP Annual Growth Rate, www.tradingeconomics.com

**29.** The Middle East Conflict – a brief background, www.globalissues.org

**30.** UNHCR Observations: The former Yugoslav Republic of Macedonia as a Country of Asylum, August 2015

**31.** Waats Franklin, Immigration and Asylum, Smart Apple Media, 2004

**32.** Web site on the European Commission (Migration and Home Affairs) http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/policies/asylum/index_en.htm

**33.** Wiegand A. Charles, Fundamentals of Immigration Law, Immigration Judge, Oakdale, Louisiana, 2011

**34.** Yeginsu, Ceylan, Amid Perilous Mediterranean Crossings, Migrants Find a Relatively Easy Path to Greece, The New York Times, 16 August 2015

**35.** Baćovic Maja, Migracija, Ekonomski Fakultet Podgorica, Podgorica, 2014

**36.** Dimitrijević Vojin, Međunarodno pravo ljudskih prava, Dosije, Beogradski centar za ljudska prava, 2006

**37.** Dimitrijević Duško, Pravo međunarodnih ugovora, Institut za međunarodnu politiku i privredu, 2011

**38.** Kulić Mirko, Krivično pravo, JP Službeni glasnik, 2012

**39.** Lapaš Davorin, Međunarodnopravna zaštita izbjeglica, Zagreb, 2008.

**40.** Nikolić Vesna, Capić Sanja, Prava žrtava i EU - izazovi pružanja pomoći žrtvama (knjiga apstrakata), Prometej – Zemun, 2011

**41.** Milojević Miloš, Zbornik radova Nasledje i naslednici Jugoslavije, Srempublik, Beograd 1994

**42.** Sladoje Nikola, Bucar Ana, Dr. Pilav Amir, Sarac Jovan, Megjunarodna pravna pomoc, Sarajevo, 2006

**43.** „Како да не сме луѓе“ Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија, Human Rights Watch Report, Септември 2015

**44.** Бендевски, Трајан: Право на Европска Унија, Правен Факултет Јустинијан I, Скопје, 2001 година

**45.** Брошура - Слобода, безбедност и правда за сите, http://europa.eu.int/comm/publications

**46.** Голдсмит Л. Џек, Поснер А. Ерик, Границите на меѓународното право, Арс ЛАМИНА, 2010

**47.** Друезден Жерар, Право на Европската Унија и заеднички политики, Арс ЛАМИНА, 2011

**48.** Европската конвенција за човековите права од 1950 г. http://www.amos.org.mk/gradenje_lokalni_kapaciteti/megunarodni5.htm

**49.** Европска социјална повелба на Советот на Европа од 1961г. http://www.amos.org.mk/gradenje_lokalni_kapaciteti/megunarodni10.htm

**50.** Закон за азил и привремена заштита ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2003, 66/2007; 142/2008; 146/2009; 166/2012; 54/2013; 101/2015; 152/2015; 71/2016 )

**51.** Камбовски, Владо: Меѓународно казнено право, Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, Просветно дело, Скопје, 1998

**52.** Камбовски, В.: Правда и внатрешни работи на Европската Унија,Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, Скопје, 2005

**53.** Камбовски,Владо, Казнено право - Општ дел, Скопје, 2004

**54.** Касезе Антонио, Меѓународно кривично право, Просветно дело, Скопје, 2009

**55.** Клековски, Сашо, Арапска пролет – Долга и независна транзиција. http://www.megjutoa.mk/2012/08/arapska-prolet-dolga-i-neizvesna-tranzitsija/

**56.** Конвенција за статусот на бегалците, 1951 http://www.unhcr.org/3b66c2aa10.html

**57.** Крег Пол, Бурка Де Грејн, Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали, Магор, 2010

**58.** Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право – општ дел, Скопје, 2010

**59.** Матовски, Н., Казнено процесно право, Правен Факултет „Јустинијан I ", Скопје, 2003

**60.** Меѓународен пакт за човекови права, Генерално Собрание на ООН, Резолуција 2200А (XXI), 16 Декември 1966 година

**61.** Министерство за труд и социјална политика на РМ., Стратегија за интеграција на странци во Република Македонија 2008 – 2015

**62.** Нанев, Лазар, Авторизирани предавања Европско казнено право, Универзитет Гоце Делчев – Штип

**63.** Петрушевска, Татјана, Авторизирани предавања Правда и Внатрешни работи, Скопје, 2007

**64.** Протокол за статусот на бегалците, 1967

**65.** Резолуција за миграциона политика на Р. Македонија 2009-2014

**66.** Роксин Клаус, Ахенбах Ханс, Казнено право, Арс ЛАМИНА, 2013

**67.** Содр Фредерик, Маргено Жан-Пјер, Адрианцимбазовина Жоел, Гутноар Аделин, Левине Мишел, Големите одлуки на Европскиот суд за човековите права, Арс ЛАМИНА, 2013

**68.** Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008 – 2015, Минстерство за труд и социјална политика, Влада на Република Македонија

**69.** Универзална декларација за правата на човекот, ООН, 1948 http://www.amos.org.mk/gradenje_lokalni_kapaciteti/megunarodni5.htm

**70.** УНХЦР; Поранешната југословенска Република Македонија како земја на азил: Забелешки за состојбата со барателите на азил и бегалците во поранешната југословенска Република Македонија, 2015

**71.** Устав на Република Македонија (бр. 08-4642/1, Скопје, 17. Ноември, 1991)

**72.** Хекер Б., Европско кривично право, Датапонс, Скопје, 2010